Број 2 Година XIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, Јануари 2019

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk;*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2019 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2019 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/1
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјаланата и здравствената заштита за 2019 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 201 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2018), во точка II. Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:

Во точка 1 Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „ Пролет “во делот: -Стратешки насоки и цели,
- Предвидена финансиска рамка и
-Трошоци

II. Во точка 1 „ Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „ Пролет “ во делот Стратешки насоки и цели после зборот „ проект“ се додаваат зборовите „во кој се вклучени 15 деца на возраст од 3 до 6 години“
Во делот „ Предвидена финансиска рамка “ износот од „300.000,оо денари“ се брише и на негово место се запишува износот од „600.000,оо денари“.
Во делот „ Трошоци “ се менува зборот „пет“ и на негово место се запишува зборот „ петнаесет “.
По изменувањето и дополнувањето точката 1 гласи:

| 1. | Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Преку воспитно образовните програми кои што се реализираат за предучилишно воспитување и образование е планирано вклучување на децата од ромската популација. Во групите кај што престојуваат децата особено внимание се посветува на едукативно-социјалните активности. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поради непостоење на предучлишна установа во населбата Злокуќани, децата од оваа населба се |

| | |
|---|---|
| | згрижуваат во ЈУОДГ „Пролет " во населбата Влае 1. Во соработка со Министерството за труд и социјална политика „Општина Карпош", веќе 15 години е партнер и успешно го спроведува овој проект во кој се вклучени 15 деца на возраст од 3 до 6 години. Целта на проектот е вклучување на сите деца од општината во воспитно образовниот процес, особено на децата од ромската популација,заради намалување на девијантните појави . |
| Очекувани резултати: | ✓ Интегрирање во социјалниот живот<br>✓ Подготовка за вклучување во воспитно-образовен процес<br>✓ Намалување на девијантните појави |
| Целна група: | Деца од предучилишна возраст од ромската популација од населбата Злокуќани |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | 600.000,оо денари<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | - Превоз за децата од населбата Злокуќани до градинката „ Пролет " во населбата Влае ;<br>- целосно подмирување на трошоците за згрижување на петнаесет деца вклучени во Проектот „ Инклузија на деца Роми ". |

III. Во делот „ Вкупна предвидена финансика рамка“ и во делот „III Финансирање “ износот од „5.865.500,оо денари “ се брише и на негово место се запишува износот од „ 6.165.500,оо денари “.

IV. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 09-573/2
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев,с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмскиот проект „Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“**

1. Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмскиот проект „Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/2
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со глава II. Проектни активности Вклучување на сите деца од предучилишна возраст во воспитно-образовниот процес, точка 2. Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“ од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2018 и 1/2019), а врз основа на Барање/Известување од Влада на РМ-Министерство за труд и социјална политика бр.14-797/5 од 21.01.2019 година, арх.заверка во Општина Карпош бр.54-559/1 од 23.01.2019 година, Советот на Општина Карпош,, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

ОДЛУКА
**за одобрување на финансиски средства за реализација на програмскиот проект „Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ ,,Пролет“**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства во износ до 600.000,00 денари, за реализација на програмскиот проект „Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“, со цел ослободување од партиципација за престој во ЈОУДГ на 15 Ромските деца од населба Злокуќани.

Финансиските средства од ставот 1 на оваа одлука ќе бидат искористени за
- Превоз на 15 деца од населбата Злокуќани до градинката „ Пролет “ во населбата Влае и
- целосно подмирување на трошоците за згрижување на петнаесет деца вклучени во Проектот ,, Инклузија на деца Роми “.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 09-573/3
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за давање согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/3
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 15, став 1, точка 2, како и член 6 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), член 21 и член 36, став 1, точка 15 и чл. 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на елокогијата и енергетската ефикасност за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2018), дел II.Проектни активности, точка 1.Одделение за екологија, потточка 1.6.Субвенционирање на купување велосипед, Советот на Општина Карпош„ на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош, дава согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за субвенционирање на купување нови велосипеди на жителите на Општина Карпош, во износ од 30% од сумата за платен велосипед, но најмногу до 3.000,00 денари.

Субвенциите ќе се доделуваат по принципот прв дојден прв услужен, до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година, од програма за Екологија и енергетска ефикасност, потточка 1.6.Субвенционирање на купување велосипед,

**Член 2**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година, во висина од 500000,00 (петсто илјади) денари.

**Член 3**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и

во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

По исцрпување на финансиските средства предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година, за исплата на субвенции, Општината ќе објави јавно соопштение дека субвенционирањето за тековната 2018 година е завршено.

**Член 4**

Постапката за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди ќе ја спроведе Комисија во состав: Петар Теов- Сектор за екологија и енергетска ефикасност, Марко Петрушевски- Сектор за развој, Александра Спасовска- Сектор за финансиски прашања

**Член 5**

Заинтересираните физички лица, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Лична карта во фотокопија,
- Трансакциска сметка, во фотокопија
- Фискална сметка со сметкопотврда или фактура за купен велосипед, кој е купен не порано од 01.02. 2019 година
- Жителите кои веќе оствариле право на субвенција и добиле средства по истата од Град Скопје, немаат право да учетвуваат по огласот.

**Член 6**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за одобрување субвенции за купување нови велосипеди и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на субвенции за купување нови велосипеди, до исрпување на предвидените средства во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 7**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

Член 8

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/4
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2019 година**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2019 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/4
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 8. Поддрша на проекти од областа на образованието од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош"бр. 13/2018), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2019**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2019 година.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието (сите области кои се однесуваат на образованието) за физички и правни лица за 2019 година, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2019 година ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата да биде составена од пет члена, од кои два члена од Советот на Општина Карпош на предлог на Комисијата за прашања на верификација,и мандатни прашања, избори и именување и три члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош,

За членови во Комисијата се именуваат:

-Наташа Пеливанова
-Елена Антониевиќ
-Гордана З. Стојчевска
-Љупка Трајчевска
-Карина Ивановска

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и вработени во јавните институции на Општина Карпош основани од општината и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на образованието во општината и пошироко.

Јавниот оглас да се однесува за проекти од сите области кои се однесуваат на образованието.
Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.
Заинтересираните физички и правни лица, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

ФИЗИЧКИ ЛИЦА:

- Личка карта, во фотокопија
- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот

ПРАВНИ ЛИЦА:

- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот
- Тековна состојба издадена од Ценртален регистар на Република Македонија, не постара од 6 (шест) месеци

**Член 5**

Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

- Краток опис на активностите од предходните години,
- домашни и меѓународни настапи и организирање на манифестации од областа на образованието
- постигнати успеси во последните 3 (три) години.

**Член 6**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

**Член 7**

Огласот да трае до исцрпување на предвидените финансиски средства неведени во член 6 од оваа одлука, но со услов реализираниот проект да биде реализиан најдоцна до 31.12.2019 година,

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за финансиска подршка на проекти од областа на образованието за физички лица жители на Општина Карпош и вработени во јавните институции на Општина Карпош основани од општината и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области за 2019 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2019 година, во случај доколку се реализирани предметните проекти.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата на одобрените средства.

**Член 10**

Се задолжуваат сите физички и правни лица чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија за доделување финансиски средства за реализација на проекти од областа на образованието за 2019 година, до Општина Карпош да доставаат детални финанскиски извештаи за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 11**

Останатите поединости и прецизирања на условите, ќе бидат објавени во објавени во јавниот оглас.

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/5
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/5<br>
Датум: 31.01.2019 година<br>
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 4. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спорт за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 13/2018), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата да биде составена од пет члена, од кои два члена од Советот на Општина Карпош Комисијата за прашања на верификација,и мандатни прашања, избори и именување и три члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош.

За членови во Комисијата се именуваат:

-Андреј Манолев- член на Советот на Општина Карпош,
- Предраг Станковски - член на Советот на Општина Карпош
- Патрик Поповски - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош,
- Ивица Јаковлевски - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош и
- Миле Мирчевски - член вработена во општинската администрација на Општина Карпош.

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат спортски клубови кои се регистрирани на подрачјето на Општина Карпош.

Заинтересираните субјекти, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Решение од матичните национални федерации дека клубот е нивен член и активно учествува во системот на натпреварување организиран од националната спортска федерација,
- Годишна програма за работа на клубот,
- Доказ дека клубот има организирано младинска спортска школа и доказ за нејзино активно учество во натпреварувањето организирано од матичните национални федерации,
- Решение за регистрација на спортскиот клуб од централен регистар не постар од 6 (шест) месеци,

**Член 5**

Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

- организациона поставеност на спортскиот клуб,
- ранг на натпреварување и
- успеси на клубот во последните две година.

**Член 6**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година, во висина од 4.000.000,00 денари.

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош, висината на финансиската подршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

**Член 7**

Огласот трае до исцрпување на предвидените финансиски средства наведени во член 6 од оваа одлука, или најдоцна до 31.12.2019 година.

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за финансиска подршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Капош и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на еднократна финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 10**

Се задолжуваат сите спортски клубови чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија за доделување финансиска поддршка за 2019 година, до Општина Карпош да достават детални финансиски извештаи, потврди или финансиски сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проекти при аплицирањето на огласот

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 09-573/6<br>Датум:30.01.2019 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за давање согласност за објавување на оглас за финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за објавување на оглас за финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
Датум: 31.01.2019 година НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 8. Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 13/2018), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за објавување на оглас за финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.
Комисијата да биде составена од пет члена, од кои два члена од Советот на Општина Карпош Комисијата за прашања на верификација,и мандатни прашања, избори и именување и три члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош,

За членови во Комисијата се именуваат:

-Андреј Манолев- член на Советот на Општина Карпош,
- Владимир Станивуковиќ - член на Советот на Општина Карпош

- Патрик Поповски - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош,
- Ивица Јаковлевски - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош и
- Елена Димковска - член вработена во општинската администрација на Општина Карпош,

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заитересирани физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат сретдствата.

Заинтересираните кандидати, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи.

За физички лица:

- лична карта, во фотокопија,
- изработен проект и
- финансиски план на проектот.

За правни лица:

- тековна состојба издадена од централен регистар на Република Македонија, не постара од 6 (шест) месеци,
- изработен проект и
- финансиски план на проектот.

**Член 5**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година, во висина од 3.000.000,00 денари

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош, висината на финансиската подршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

**Член 6**

Огласот трае до исцрпување на предвидените финансиски средства наведени во член 6 од оваа одлука, но со услов одобрените проекти да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2019 година.

**Член 7**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за доделување на Финансиска поддршка за спортско рекреативни и

здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на еднократна финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош.

**Член 8**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош.

**Член 10**

Се задолжуваат сите физички и правни лица чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија за доделување финансиски средства за реализација на проекти за спортско рекреативни и здравствени проекти за 2019 година, до Општина Карпош да достават детални финансиски извештаи, потврди или финансиски сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проекти при аплицирањето на огласот

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 09-573/7
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/7
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 2. Финансиска поддрша за проекти од културата од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 13/2018), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во Општина Карпош, за кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.
Комисијата да биде составена од пет члена, од кои два члена од Советот на Општина Карпош и три члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош,

За членови во Комисијата се именуваат:

- Емилија Ризеска Спасова - член на Советот на Општина Карпош,
- Филип Даскаловски - член на Советот на Општина Карпош,
- Гордана Стојчевска Зафировска - член вработена во општинската администрација на Општина Карпош,
- Тања Милошева - член вработена во општинската администрација на Општина Карпош и
- Миле Мирчевски - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош.

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заитересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во Општина Карпош за дејности кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.

Јавниот оглас да се однесува за проекти од областите: издавачка дејност, фолклор и музичко-сценска дејности и ликовно-уметничка изложбена дејност.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат сретдствата.

Заинтересираните физички и правни лица, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

**Физички лица**

- Лична карта, во фотокопија,
- изработен проект и
- финансиски план на проектот

**Правни лица**

- Организациона поставеност
- Изработен проект,
- финансиски план на проектот
- документ за вршење дејност од областа на културата со седиште на подрачјето на Општина Карпош или
- тековна состојба издадена од централен регистар на Република Македонија не постара од 6 (шест) месеци.

**Член 5**

Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

- Проектите да се од посебен интерес за граѓаните на општината од областа на културата,
- домашни и меѓународни настапи,
- потврда за организирање на културни манифестации
- постигнати успеси во последната година.

**Член 6**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година, во висина од 1.000.000,00 денари.

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош, висината на финансиската подршка
ќе ја додели во рамките на своите можности.

**Член 7**

Огласот трае до исцрпување на предвидените финансиски средства наведени во член 6 од оваа одлука, но со услов одобрените проекти да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2019 година

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за финансиска подршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Капош и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на еднократна финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 10**

Се задолжуваат сите физички и правни лица чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија за доделување финансиски средства за реализација на проекти од областа на културата за 2019 година, до Општина Карпош да достават

детални финансиски извештаи, потврди или финансиски сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проекти при аплицирањето на огласот.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 09-573/8
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за физички и правни лица за 2019 година**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за физички и правни лица за 2019 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/8
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 6. Поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 13/2018), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за физички и правни лица за 2019 година**

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за физички и правни лица за 2019 година.

### Член 2

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита (сите области кои се однесуваат на детската, социјалната и здравствената заштита) за физички и правни лица за 2019 година, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

### Член 3

Постапката за доделување финансиска поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за физички и правни лица за 2019 година ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.
Комисијата да биде составена од пет члена, од кои два члена од Советот на Општина Карпош Комисијата за прашања на верификација,и мандатни прашања, избори и

именување и три члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош,

За членови во Комисијата се именуваат:
-Билјана Костова
-Наташа Пеливанова
-Гордана З. Стојчевска
-Тања Гишев
-Марија Аврамовска

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и вработени во јавните институции на Општина Карпош основани од општината и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста детска, социјална и здравствена заштита во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на детската, социјалната и здравствената заштита во општината и пошироко.

Јавниот оглас да се однесува за проекти од сите области кои се однесуваат на детската, социјалната и здравствената заштита.
Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

Заинтересираните физички и правни лица, кон апликацијата потребно е да ги доставaт следните документи:

<u>ФИЗИЧКИ ЛИЦА:</u>

- Лична карта, во фотокопија
- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот

<u>ПРАВНИ ЛИЦА:</u>

- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот
- Тековна состојба издадена од Ценртален регистар на Република Македонија, не постара од 6 (шест) месеци

**Член 5**

Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

1. Проектот да е од посебен интерес за граѓаните-жители на Општина Карпош
2. Преку проектот да се постигне подобрување на воспитно – згрижувачката дејност во предучилишните установи во Општина Карпош
3. Преку проектот да се даде поддршка и вклучување на деца со попреченост во основните училишта
4. Преку проектот да се подобри на квалитетот на живеење и намалување на осаменоста кај старите лица
5. Преку проектот да се овозможи социјално вклучување на маргинализираните групи на граѓани од Општина Карпош
6. Краток опис на активностите од предходната година,

**Член 6**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година во вкупен износ од 500.000,00 денари.

**Член 7**

Огласот да трае до исцрпување на предвидените финансиски средства неведени во член 6 од оваа одлука, но со услов реализираниот проект да биде реализиран најдоцна до 31.12.2019 година,

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за финансиска подршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за физички лица жители на Општина Карпош и вработени во јавните институции на Општина Карпош основани од општината и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста за детска, социјална и здравствена заштита во сите области за 2019 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за физички и правни лица за 2019 година, во случај доколку се реализирани предметните проекти.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата на одобрените средства.

**Член 10**

Се задолжуваат сите физички и правни лица чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија за доделување финансиски средства за реализација на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2019 година, до Општина Карпош да достават

детални финанскиски извештаи за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 11**

Останатите поединости и прецизирања на условите, ќе бидат објавени во објавени во јавниот оглас.

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/9
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлуката за усвојување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2 за Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2 за Општина Карпош, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број: 11-852/9
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 60 од Законот за животната средина („Службен весник на Репблика Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07. 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Советот на Општина Карпош, на осумнаесеттата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

# ОДЛУКА
## за усвојување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2 за Општина Карпош

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2 за Општина Карпош.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за односи со јавноста да ја објави оваа одлука и ЛЕАП-от на официјалната веб страната на Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 09-573/10
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2019 година**

1. Се објавува Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2019 година, донесено на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/10
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 39, став 3 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), а во врска со член 137 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош, на осуманесеттата седница одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2019 година**

1. Заради изработка на Програмата на Советот на Општина Карпош за 2019 година се формира Комисија во следниот состав:

| | |
|---|---|
| Претседател | Андреј Манолев, с.р. |
| Членови | Наташа Пеливанова |
| | Филип Даскаловски |
| | Сашо Лазаровски и |
| | Горан Михајлов |

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/11
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2019 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2019 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

| | |
|---|---|
| Број: 11-852/11 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| Датум: 31.01.2019 година | НА ОПШТИНА КАРПОШ, |
| Скопје | Стефан Богоев, с.р. |

Врз основа на член 36, став 1, точка од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2019 година**

Вовед

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

Содржина на Програмата

1. **Цели на Програмата**
   - Општи цели на Програмата
   - Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**
   - Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
   - Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
   - Детален, односно табеларен преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност):
     а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно надавање

б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање

в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање

г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

3. Маркетинг стратегија за промоција на градежно земјиште што е предмет на оваа Програма
   - Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
   - Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
   - Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
   - Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
   - Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегија

4. Динамика на реализација на Програмата

   - Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
   - Пропишување на условите за надавање
   - Лица надлежни за реализација на Програмата

5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)

7. Преодни и завршни одредби

Општ дел

Со прогласување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во сопственост на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти

основани од Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија и во сопственост на домашни и странски физички и правни лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, донесува Советот. Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отпуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија, управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење, Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-пректна документација, општ акт или проект за ифраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-проектна документација, општ акт или проект за ифраструктура предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и може да се состои од една или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен каракер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот на градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се оттуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Карпош, дефинирана според територијалната организација на Репубика Македонија.

За да може да се врши оттуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежни парцели што се наоѓаат на територија на населени места и локалитети, согласно динамиката на носење на нови урбанистички планови и измените и дополнувањата на укинатите урбанистички планови од Уставен суд на Република Македонија.

Б) Основи за изработка на Програмата

- Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16)
- Основни плански документи, други документи потребни за изрботка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:
    - Генерален урбанистички план на Град Скопје за плански период од 2012 до 2022 година
    - Донесени детални урбанистички планови
    - Урбанистички планови за населени места
    - Урбанистички планови за вон населени места
    - Годишна Програма за изработка на урбанистички планови

В) Лица вклучени во изработка на Програмата

- Име, презиме, професија и функција на сите лица од проектниот тим за изработка на Програмата
- Име, презиме, професија и функција на сите останати лица консултирани или инволвирани во изработка на Програмата

ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:

1. **Цели на Програмата**
   - Општи цели на Програмата - Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој
   - Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

   Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**
   - Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, индетификувани со број на градежните парцели
   - Детален преглед на градежни парцели (по населеното место и по урбанистички план)

**а.Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен и
- Вкупна почетна/утврдена цена.
-

**б.Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежна парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина и
- Времетраење на закупот.

**в.Градежни парцели што ќе бида предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина и
- Времетраење на закупот.

**г.Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;

- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Основ за давање на земјиштето на користење (концесија или ЈПП);
- Заинтересирано правно лице (компанија) и
- Предвидени услови за договор.

3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели.

Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали.

Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата.

Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата.

Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата.

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата треба да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

4. Динамика на реализација на Програмата

- Градежните парцели кои што се предмет на јавна објава, ќе бидат објавени во турнуси или поединечно, согласно можностите и условите поврзани со донесувањето на урбанистичките планови и расчистувањето на имотно-правните односи и друго.

- Пропишување на условите за наддавање - Се пропишуваат/определуваат следните параметри: висината на депозитот за учество, определување на интернет страницата на која ќе се врши наддавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со наддавањето.
- Лица надлежни за реализацијата на Програмата: Горан Павлов, дипл. правник; Анета Блажовска-Тодоровска, дипл. правник; Весна Стефанова, дги и Олга Цубалеска-Јаневска, диа.

**5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

**6. Проценка на финансиските средства потребни за релизација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
- Трошоци по основ на експропријација и одземање на корисничко право;
- Трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица и
- Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

**7. Преодни и завршни одредби**

Составен дел на оваа програма е Табеларниот преглед на градежни парцели за оттуѓување по
пат на јавно наддавање за 2019 година.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Карпош.

Оваа Програма е едногодишна и се донесува за 2019 година.

Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на

Општина Карпош“.

Број 09-573/12
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлуката за усвојување на Листа на информации од јавен карактер на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Листа на информации од јавен карактер на Општина Карпош, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/12
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Репблика Македонија“ бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

ОДЛУКА
**за усвојување на листа на информации од јавен карактер на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Листата на информации од јавен карактер на Општина Карпош.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за односи со јавноста да ја објави оваа одлука и Листата на информации од јавен карактер на официјалната веб страната на Општина Карпош.
Се задолжува Одделението за стручно-административни и архивски работи да ја објави оваа одлука на огласната табла во Општина Карпош.
Се задолжува Архивата на Општина Карпош, на барање на странката да ја достави Листата на информации од јавен карактер.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 09-573/13
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 59 став 4 од Статутот на Општина Карпош (Службен гласник на Општина Карпош бр. 1/06, 8/13 и 15/14), а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ“ бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18), Градоначалникот на Општина Карпош ја предлага следнава

**Листа на информации од јавен карактер на Општина Карпош**

**Сектор за правни работи – Одделение за норматива**

- Одлуки, решенија и други правни акти поврзани со работата на органите на општината од областа на нормативно-правните работи согласно закон и со интерните акти на општината,доколку странката го докаже својот правен интерес.

**Сектор урбанизам**

- Детални урбанистички планови
- Информации на околности дали е поднесено определено барање, кога или од кого, за која катастарска или градежна парцела се однесува, дали барањето е одобрено или одбиено, дали е правосилно, поништено и сл.
- Увид во предмети за отуѓување на недвижен имот со непосредна спогодба и јавно надавање на лица – странки во постапката, лица со важечко полномошно и лица кои ќе го докажат статусот на заинтересирано лице во постапката, односно лице кое има правен интерес.

**Сектор за поддршка на градоначалникот – одделение за месна самоуправа**

- Статут на општина Карпош
- Правила за работа на Урбаните заедници и Месните заедници
- Програма за активности на општина Карпош во областа на месна самоуправа

**Сектор за јавни набавки**

- Одлуки за јавни набавки
- Записници од јавно отварање на понуди
- Одлуки за избор на најповолен понудувач
- Договори за јавни набавки склучени со најповолни понудувачи

**Сектор за развој на општината**

- Стратешки документи,одлуки,решенија и програми од областа на локален економски развој

**Сектор за дејности од јавен интерес**

- Решенија за еднократна парична помош за Ден на лицата со попреченост
- Решенија за еднократна парична помош за лица/семејства во социјален ризик, лекување, пожар и поплава
- Решенија за еднократна парична помош за новороденче и посвоено дете
- Решенија за стипендии за талентирани ученици
- Решенија за стипендии за талентирани спортисти
- Решенија за првенец на генерација
- Решенија за отпремнина
- Решенија за финансиска подршка на проекти
- Одлуки

**Сектор инспекторат**

- известувања до странки и податоци за број на донесени инспекциски акти,но не и самите акти кои содржат лични податоци

**Сектор за поддршка и ораганизација на работата на советот на општината и архивско – административни работи**
**Одделение за организација и поддршка на работата на советот на општина Карпош**

- Статут на општина Карпош
- Деловник на Советот на општина Карпош
- Прописи кои се однесуваат на надлежноста на општината поврзани со регистарот на прописи објавени во „Службен гласник“
- Одлуки
- Решенија
- Правилници
- Информации
- Заклучоци
- Програми усвоени од Советот на општината, стратегии, мислења, студии и други документи кои се однесуваат на надлежноста на општината
- Податоци за надлежноста утврдени со закон
- Надлежност на советот
- Податоци за членовите на Советот (партиска припадност, е-маил адреса)
- Службен гласник на општина Карпош
- Регистар на објавени прописи донесени од Советот на општина Карпош

Одделение за човечки ресурси

- Правилник за систематизација на работните места во општина Карпош
- Одлука за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Карпош
- Правилници и дриги нормативни акти
- Јавни огласи за вработување
- Интерни огласи за унапредување
- Одлуки за избор на кандидати за вработување
-

**Сектор за екологија и енергетска ефикасност**

- Стратешки документи , одлуки,решенија и програми од обласа на животната средина

**Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи**

- Барања
- Известувања
- Договори од јавни набавки
- Програма за уредување на градежно земјиште и комунални работи

**Сектор Финансии**

-Буџетот на Општината

-Завршна сметка

-Квартални извештаји

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за урбанистичко планирање на Општина Карпош за 2018 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за урбанистичко планирање на Општина Карпош за 2018 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/13
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за урбанистичко планирање на Општина Карпош за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Карпош за 2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за урбанизам.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/14
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

**Извештај за реализација на програмата**
**за урбанистичко планирање за 2018 година**

Во текот на 2018 година, на Совет на општина Карпош беше донесени 1 (еден) Урбанистички план.

Усвоен Предлог -Урбанистички план на Совет на општина Карпош за 2018 година:

1. Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ 03 Блок 4, Општина Карпош.

Сектор за урбанизам

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на Екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на Екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/14
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на Екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на Екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за Екологија и енергетска ефикасност.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/15
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОГИЈАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ**
**ЗА ПЕРИОД 01.01. – 31.12.2018 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

Секторот за заштита на животната средина и природата, кој во својот состав содржи две одделенија – **Одделение за екологија** и **Одделение за енергетска ефикасност**, со своите активности се стреми да придонесе за спроведување на многуте еколошки и енергетско-ефикасни проекти, а сé со цел Општината Карпош и нејзините граѓани да добијат одлични услови и повисоки стандарди во областите екологија и енергетска ефикасност, како и другите области кои се во надлежност на овој сектор.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2018 ГОДИНА

Генералните цели, по кои се водеше тимот на вработени при извршувањето на активностите во текот на 2018 година, се следните:

- Општина Карпош – општината на својата територија да ги спроведува мерките и активностите кои се доделени на локалната самоуправа, а се однесуваат на областите заштита на животната средина и енергетската ефикасност;
- Општината да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани;
- Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно активно учество на граѓаните;
- Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во заштитата и подобрувањето на еколошките стандарди, што ќе придонесе за развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата и тоа што значи да се биде енергетски ефикасен во одвивање на процесите;
- Програмата предвидува и реализација на мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини. Заложбата на ЕУ (20,20,20) нé обврзува за намалување на потрошената енергија од 20%, односно намалување на емисијата на $CO_2$ за 20% во период до 2020 година.

III. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

## 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОЛОГИЈА

Одделението за екологија своето работење во 2018 година го темелеше на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

1.1. Јавна чистота и хигиена,
1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура,
1.3. Урбана опрема,
1.4. Проекти, едукации, работилници, семинари
1.5. Субвенционирање на купување на велосипед

### 1.1. ЈАВНА ЧИСТОТА И ХИГИЕНА

За одржување на јавната чистота, иако не е во нејзина законска надлежност, односно е во надлежност на ЈП Комунална хигиена – Скопје, Општината Карпош издвои значителна енергија и голема посветеност со цел подобрување и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Во моментот на подготвување на овој Извештај Општината Карпош има ангажирано во **105 сезонски работници** кои беа исплатени од општинскиот Буџет.

Поради подобра организираност и прегледност на ангажманот на работниците, територијата на Општината Карпош е поделена на **6 делови** кои ги раководат **реонски координатори**, кои се хиерархиски под **главниот координатор,** кој пак за работењето му дава отчет на **Раководителот на Секторот** за екологија и енергетска ефикасност.




**Реон 1** – УЗ Карпош 1, Карпош 2 и Карпош 3,

**Реон 2** – УЗ Карпош 4,
**Реон 3** – УЗ Владо Тасевски,
**Реон 4** - Тафталиџе 1, Тафталиџе 2 и Нерези,
**Реон 5** – УЗ Кузман Јосифоски – Питу, Пецо Божиновски – Кочо,
**Реон 6** – УЗ Влае 1, Влае 2, Злокуќани и Бардовци.

За непречено одвивање на **редовните активности на ангажираните работници**, Општината Карпош издвои средства за:

- Финансиски надоместок за работниците (плати, придонеси, итн), ... 23.850.518,00 денари

- Набавка на телескопска пила за кастрење на гранки и пила за сечење на дрва, ... 95.155,00 денари

- Набавка на 4 дувалки за лисја, ... 114.066,00 денари

- Набавка на дупчалка со сврдел за ископ на земја за садење дрвца, ... 49.560,00 денари

- Набавка на резервни делови за машини и опрема за одржување на зелените површини ... 283.340,00 денари

- Набавка на “црни” метли за потребите на работниците задолжени за одржување на јавната хигиена ... 348.631,00 денари

- Набавка на комунално товарно возило за подигање и транспорт на смет од јавните површини во Општина Карпош ... 1.517.716,00 денари

- Одржување и сервис на комуналните возила (трите комунални и едното теренско возило редовно беа сервисирани, замена на пневматици итн), ... 138.879,00 денари

- Чистење на дивите депонии (во текот на 2018 година подигнати и расчистени се 14 помали диви депонии со 166 $m^3$ отпад).

**Вкупно: 26.397.865,00** денари

1.2. ПАРКОВИ, ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО И ХОРТИКУЛТУРА

Општината Карпош, како одговорен општествен субјект, и во текот на 2018 година се грижеше за одржувањето на зелените и цветни површини кои самата ги има подигнато. Преку процесот на јавни набавки се дојде до економски оператори кои во текот на целата година се грижеа за следните постоечки хортикултурно уредени површини:

- **Зелените површини на плоштадот "Делфина", УЗ Влае 2,**
  Пролетно садење: 3.500 цвеќиња (тип Verbena)
  Есенско садење: 3.500 цвеќиња (1.500 тип Viola tricolor, 1.000 тип Brassica, 1.000 тип Хризантема)
  ... 480.213,00 денари
- **Кружниот тек помеѓу улиците Варшавска и Париска,** УЗ Тафталиџе 1,
  Пролетно садење: 2.400 цвеќиња (тип Celosia Cristata)
  Есенски садење: 2.500 цвеќиња (тип Viola tricolor)
  ... 117.633,00 денари
- **Зелените површини околу платото со фонтана во Карпош 3**,
  Пролетно садење: 3.400 цвеќиња (3.000 тип Verbena, 400 тип Celosia cristata),
  Есенско садење: 3.000 цвеќиња (тип Viola tricolor)
  ... 196.234,00 денари
- **Зелените површини на плоштадот во УЗ Пецо Божиновски Кочо (спроти студентскиот дом Гоце Делчев)**,
  Пролетно садење: 3.500 цвеќиња (тип Celosia cristata)
  Есенско садење: 3.500 цвеќиња (тип Viola tricolor)
  ... 202.582,00 денари
- **Зелените површини на плоштадот во УЗ Бардовци,**
  Пролетно садење: 1.600 цвеќиња (тип Celosia cristata)
  Есенско садење: 1.600 цвеќиња (тип Viola tricolor)
  ... 164.407,00 денари
- **Жардињерите на плоштадите "Млечен" и "Педагошка", УЗ Владо Тасевски,**
  Повеќегодишни украсни дрвја и грмушки, од следните типови:
  - Juniperus (украсна грмушка) – 119 садници,
  - Buxus (украсна грмушка) – 21 садник,
  - Yucca (украсно дрво) – 16 садници,
  - Ilex (украсно дрво) – 2 садници, и
  - Cupressus (украсно дрво) – 11 садници.

  ... 345.994,00 денари

Беше вршено и постојано **одржување на автоматските системи за полевање** на зеленилото на жардињерите на бул. Партизанска, на плоштад "Делфина" во Влае,

на плоштад Млечен, околу платото со фонтана во Карпош 3, плоштадот спроти СД Гоце Делчев, плоштадот во Бардовци итн.

... 579.845,00 денари

Од страна на вработените за одржување на јавната хигиена и јавното зеленило на Општина Карпош, а по претходно завршена тендерска постапка, во текот на пролетниот период **беа засадени 113 висококвалитетни дрвца**, од кои:

- 49 листопадни
  - 45 Fraxinus excelsior (јасен),
  - 4 Acer pseudoplatanus (јавор) и

- 64 зимзелени
  - 34 Thuja smaragd,
  - 30 Chamaecyparis

Дрвцата беа засадени во четири урбани заедници, и тоа: УЗ Владо Тасевски, УЗ Тафталиџе 1, УЗ Карпош 1 и УЗ Карпош 2. Грижата околу одржувањето на садниците ја превземаа службите на Општина Карпош.

... 348.471,00 денари

Во текот на есенската акција на садење дрвца **се засадија 165 дрвца и 50 украсни растенија**, од кои:

- 155 листопадни
  - 31 Fraxinus excelsior (јасен),
  - 37 Acer pseudoplatanus (јавор),
  - 38 Tilia europaea (липа),
  - 54 Robinia (багрем),
  - 5 Ginkgo biloba

- 10 зимзелени и 50 украсни растенија
  - 10 Thuja smaragd,
  - 50 Lavandula angustifolia (лаванди)

Дрвцата беа засадени на повеќе локации во УЗ Карпош 3, УЗ Карпош 3, УЗ Владо Тасевски, УЗ Влае 2, УЗ Тафталиџе 2, УЗ Тафталиџе 1, УЗ Бардовци итн. Грижата и одржувањето и на овие садници ја превземаа службите на Општина Карпош.

... 395.256,00 денари

Општината Карпош со работна рака помогна и во две други активности, одржани во основните училишта во Карпош, и тоа:

- Во дворот на **ООУ Јан Амос Коменски** (Тафталиџе 1), со донација од **Стопанска банка, Нула Отпад и Пакомак**, засадени беа **240 сезонски цвеќиња и 48 зимзелени дрвја**.
- Во дворот на ООУ Петар Поп Арсов, преку донација на **Лајонес Алфа** од Скопје, се посадија **100 рози**, од кои 50 стандардни и 50 ползавци.

**Вкупно: 2.830.635,00** денари

1.3. УРБАНА ОПРЕМА

**1.3.1. Одржување на урбаната опрема**

Периодов големо внимание беше посветено и на санирањето и заменувањето на веќе постоечката урбана опрема, па така:

- Заменети се **322 дрвени кадрони на постоечки клупи**,
- Санирани се **9 оштетени корпи за отпадоци**,
- Поставени се **288 метални столбчиња**,
- Заменета е **196,8 $m^2$ оштетена метална ограда** со нова,
- Поставени **метални ракохвати – 94 m’**,
- Поставени се **6 информативни табли**,
- Саниран е **еден летниковец** (ул. Јуриј Гагарин 35),
- Санирани се **8 држачи за велосипеди**, и друго.

... 1.580.970,00 денари

Извршени се и **неколку интервенции и прилагодувања на фонтаните на плоштадот Делфина во Влае, на плоштадот спроти СД Гоце Делчев (УЗ П. Б. Кочо), во Карпош 3 и во Бардовци**,

... 1.396.319,00 денари

**1.3.2. Поставување на нова урбана опрема**

Нова и урбана опрема се поставуваше на целата територија на Општината Карпош, а беа поставени:

- **50 парковски клупи за седење и 131 корпа за отпадоци**,

... 735.900,00 денари

- Набавени се **3 нови рампи со автоматика**, кои ќе се постават на влезовите на паркинг просторите на:
  - Ул. Лондонска (паркинг кај Асиба), УЗ Тафталиџе 1,
  - Ул. Волгоградска, УЗ Карпош 4, и
  - Ул. Карпошево востание, УЗ Карпош 3.

... 503.279,00 денари

- Набавени се **87 метални штитници за дрвца**, со кои се заштитија дел од новите садници засадени во есенската акција
... 125.932,00 денари

Вкупно: 4.342.400,00 денари

Со финансиски средства обезбедени од Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ, беше изграден **Детски сквер на ул. Женевска**, УЗ **Тафталиџе 2**. Освен урбаниот поплочен простор и пешачките патеки, беше изградено и детско игралиште, поставени современи висококвалитетни клупи за седење и корпи за отпадоци (12 клупи и 7 корпи), а беа и засадени и 10 нови дрвца, 200 украсни растенија (лаванди и рузмарини), како и подигање на тревна површина од 200 $m^2$.
... 2.997.632,00 денари (обезбедени од МЖСПП)

1.3.3. Детски и спортски игралишта

Во текот на 2018 година изградени се **осум нови детски игралишта, а поставени се и реквизити на две други локации**, и тоа:

1. Игралиште на **ул. Влае (до спортските игралишта)**, УЗ Влае 1,
2. Игралиште помеѓу кулите на **ул. Јуриј Гагарин 33 и 35 (спроти “Веро”)**, УЗ **К. Ј. Питу**,
3. Игралиште на **бул. Партизански одреди 72 (зградата на “Горење”)**, УЗ **Карпош 3**,
4. Игралиште на **ул. Женевска (помеѓу ООУ Братство и ДГ Мајски цвет)**, УЗ **Тафталиџе 2**,
5. Игралиште помеѓу зградите на **бул. Партизански одреди 107 и 109**, УЗ **Тафталиџе 1**,
6. Игралиште на **ул. Јуриј Гагарин 49 (спроти поранешна Алумина)**, УЗ **К. Ј. Питу**,
7. Игралиште **во населба Трнодол**, УЗ **П. Б. Кочо**,
8. Игралиште помеѓу **ул. Воденска и ул. Љубљанска**, УЗ **Карпош 4**,
9. Детски реквизити на игралиштето на **Плоштад Млечен**, УЗ **Бладо Тасевски** и **нов паркинг на ул. Гиго Михајловски**, УЗ **Карпош 1**.

Станува збор за комплетно нови реквизити, заштитна мрежа, клупи, корпи и сл.
... 4.543.476,00 денари

Покрај изградбата на нови детски игралишта, беа извршени **46 интервенции (санации) на постоечки детски игралишта**, односно во толку наврати беа заменувани седишта или ланци за лулашки, седишта, лизгалки, држачи или цевки за клацкалки, санирани или заменети други реквизити, жичени огради, корпи и клупи во внатрешноста на игралиштата и слично.

Се заменуваа оштетени реквизити и на спортските игралишта, па така заменети се **8 табли за кошарка, 8 обрачи (комплет со мрежа) и 3 мрежи за голови**. Треба особено да се истакнат реконструкциите на спортските игралишта во ООУ Војдан Чернодрински, ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Братство и ООУ Петар Поп Арсов.

За одржување на детските и спортските игралишта во периодот од 01.01. до 31.12.2018 година општината Карпош издвои:

... 2.499.351,00 денари

### 1.4. ПРОЕКТИ, ЕДУКАЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ, СЕМИНАРИ ОД ОБЛАСТА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

Во текот на 2018 година, се реализираа 2 проекти предвидени согласно Програмата за активностите на Општината Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност, а поднесени од Здруженија на граѓани. Проектот **“Природата во нашата општина – ја чуваме и негуваме”** на Здружението **“Натура Тера”** во целост се реализираше и за истото е поднесен извештај до Општината Карпош, а проектот **“Подигнување на јавната свест кај најмладите за климатските промени”** од Здружението **“Зелена планета седум”** е во тек поради релативно доцната исплата на средствата предвидени за таа намена.

... 450.000,00 денари

### 1.5. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА КУПУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕД

Општината Карпош во текот на 2018 година реализираше проектна активност со наслов ”Цел Карпош на точак” со цел промоција на користењето на велосипед како превозно средство и како средство за рекреација. Активноста се спроведе во две фази во текот на пролетта 2018 година, а беа субвенционирани 239 граѓани.

Купувањето на нов велосипед за граѓаните на Карпош беше субвенционирано со 30% од неговата вредност, но не повеќе од 3.000 денари. Со тоа, граѓаните на Општината Карпош, покрај веќе изградената солидна инфраструктурна велосипедска мрежа, добија уште еден стимул за користење на велосипеди.

За акцијата на субвенционирање велосипеди потрошени се вкупно финансиски средства во висина од 660.000,00 денари.

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Одделението за енергетска ефикасност своето работење го темелеше на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

2.1. Јавно осветлување,
2.2. Проекти од областа на енергетската ефикасност,

### 2.1. ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во текот на 2018 година одржувањето на јавното осветлување се вршеше во **два реони**:

- **Реон 1 – УЗ Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае 1, Злокуќани и Бардовци;**
- **Реон 2 – УЗ Владо Тасевски, Тафталиџе 1, Тафталиџе 2, Кузман Јосифовски Питу, Пецо Божиновски Кочо, Влае 2 и Нерези.**

На јавната набавка за одржување на јавното осветлување се пријавија повеќе економски оператори, а по електронската аукција беше склучен договор за јавна набавка со фирмите **Електроизградба** и **Магнус Инженеринг**, кои совесно и навремено ги исполнуваа обврските согласно договорот за јавна набавка, па во периодот од 01.01. до 31.12.2018-та беа заменети следните параметри:

| **Заменет материјал** | **Реон 1** Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае 1, Злокуќани и Бардовци | **Реон 2** В.Тасевски, Тафталиџе 1 и 2, КЈП, ПБК, Нерези и Влае 2 | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Светилки (70W) | 586 | 512 | **1.098** |
| Пригушници (70W) | 291 | 267 | **558** |
| Фасонки Е-27 | 199 | 251 | **450** |
| Игнитори | 358 | 301 | **659** |
| Кабел PP 3x1,5 mm | 359 m | 342 m | **701 m** |
| Конзола | 72 | 87 | **159** |
| Арматура (70W) | 74 | 60 | **134** |
| Автом. осигурувач | 91 | 70 | **161** |
| Кабел PPOO-A | 653 m | 554 m | **1.207 m** |
| Столб (h=5 m) | 31 | 36 | **67** |
| Ножест осигурач | 66 | 56 | **122** |

Во одржување на јавното осветлување Општината Карпош во 2018 година инвестираше вкупно **11.937.811,00 денари**.

Извршено е и поставување на нови линии, односно целосна реконструкција на јавното осветлување, на следниве локации:

- **ул. Момин поток (УЗ Злокуќани)** – 45 столбови (дрвени)
  ... 757.120,00 денари
- **ул. Њуделхиска (УЗ Владо Тасевски)** - 12 столбови
  ... 1.207.269,00 денари
- **ул. Римска (УЗ Владо Тасевски)** - 11 столбови
  ... 1.036.664,00 денари
- **ул. Веселин Маслеша (УЗ Карпош 2)** - 8 столбови
  ... 838.742,00денари
- **спортско игралиште во ООУ Јан Амос Коменски (УЗ Тафталиџе 1)** - 5 столба (рефлекторски) ... 507.990,00 денари

Секторот за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош изврши и набавка на **нови 5 независни командни разводни ормари (НКРО)**, со цел да се постават на места кои досега немале систем за улично осветлување.
... 182.402,00 денари

## 2.2. ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

Согласно Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година, Оделението за енергетска ефикасност ги реализираше следниве активности:

- **Изработка на проект и физибилити студија за ЈПП за замена на системот за греење со нафта во Детска градинка ПРОЛЕТ во Влае со систем на термални пумпи вода/вода** како обновлива енергија која ќе го подобри начинот на греење и ладење во објектот и ќе овозможи заштеди за набавка на горивото нафта и намалена емисија на $CO_2$.

Финансирањето на проектот е предвидено да биде на повеќе години согласно договорот за ЈПП во висина на заштедите што ќе бидат реализирани во однос на сегашниот систем за грење.

Изработена е студијата, се чека новиот Закон за енергетска ефикасност и новите начела за ЕСКО и ЈПП преку кој ќе се реализира овој проект финансиран од сопствените заштеди.

- **Продолжување на учеството на проектот во ХОРИЗОН 20/20 на Европската Унија, за мали модуларни системи за греење и ладење со обновливи извори на енергија**

Проектот е во завршна фаза до декември 2018 година со што е:

- Изработена е студија за населба Злокуќани – Бардовци;
- Изработен е технички и финансиски модел за реализација;
- Завршена е национална конференција во Скопје и завршна конференција во Брисел;
- Со новото јавно претпријатие за топлификација и гасификација на Град Скопје и почетокот на продажба на земјиште, издадените дозволи за градба и градба на инфраструктурата ќе продолжи реализацијата на овој стратешки проект за Општина Карпош.

**Сектор за екологија и енергетска ефикасност**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од обласа на развојот за 2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од обласа на развојот за 2018 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/15
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за развој.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/16
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

# ИЗВЕШТАЈ НА ПРОГРАМАТА НА СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ ЗА 2018

## 1. Крводарителска акција

Краток опис: Секторот за Развој во соработка со Црвениот крст и Заводот за трансфузиологија оваа година организираше две крводарителски акции и тоа на 21.05.2018 година и на 31.10.2018 година. Првата крводарителска акција се одвиваше на два пункта: во спортската сала на ОУ Лазо Трповси - Општина Карпош и во просториите на Месната заедница Влае – 1. На неа беа собрани 112 крвни единици, додека на втората крводарителска акција која се одвиваше само во спортската сала на ОУ Лазо Трповси - Општина Карпош, беа собрани 137 крвни единици, а од нив пет се лица кои за прв пат даруваа крв.

Како и секоја акција така и овие две започнаа две недели порано со информирање на сите досегашни крводарители телефонски и по пошта, како и со информирање на сите граѓани од сите месни заедници преку плакати обезбедени од страна на Црвен крст.
Буџет: /

## 2. Традиционална скопска Тортијада и Интернационална Тортијада

Краток опис: Оваа година Општина Карпош беше гостин на традиционалната скопска тортијада, а како домаќини и организатори на настанот беа Хуманитарната организација Ангелчиња Хоа и Општина Илинден. Манифестацијата се одржа на 16.02.2018 година во Домот на културата во Општина Илинден при што од општина Карпош беа пријавени шест учеснички во аматерскиот дел и една учесничка во професионалниот дел.
Како и секоја година Општина Карпош се вклучи со свое учество во хуманитарниот дел на акцијата со донирање на средства кои општина Илинден како домаќин ги намени за здружение за лица со посебни потреби.

Манифестацијата преставуваше презентација на способноста, умешноста и креативноста на учесниците во двете групи и аматерите и професионалците. Исто така овој проект има за цел да ја подигне свеста за хуманост кај граѓаните каде преку лицитацијата на тортите со парични донации да се помогне таму кај што е најпотребно.

Исто така, преку оваа манифестација се обезбеди можност да се разменат искуства помеѓу натпреварувачите аматери и професионалци.

Буџет: 47.067,00 (средства потрошени за донација, котизација за карти за ревијален дел и учество на учесниците)

**3.Ревидирање на Профилот на Општина Карпош и брошура за туристичките локалитети и атракции во општината и нејзино реиздавање**

Краток опис: Секторот за Развој според предвидената програма за 2018 година, ја започна активноста за ревидирање на Профилот на Општина Карпош на крајот на месец февруари. На одржан колегиум беа договорени предвидените активности за дефинирање на содржината на ревидираниот профил, при што се започна со прибирање на потребните информации. Подготовката на Профилот се состоеше од проектирање скица на профилот со основните генералии при што секторски и од страна на владини институции беа прибирани и сублимирани потребните податоци и фотографии кои континуирано се внесуваа. Ревидирањето го извршија вработени лице од Секторот за развој, преку посебно подготвени прашалници, каде на терен се гледаше реалната состојба и истата се евидентираше во новиот Профил.

Беа добиени официјални податоци од релевантни институции (Централен регистар на Република Македонија и од Заводот за статистика на Република Македонија), со што истите се искористија и со тоа се комплетираше целиот состав на Профилот на Општина Карпош при што треба да следи негово печатење.

Во профилот на Општина Карпош можат да се најдат генерални податоци за општината, како и конкретни информации од разни области, како што се: природни ресурси, демографски показатели, инфраструктура, образование, култура, спорт, здравство, економија и стопанство, земјоделство, туризам, граѓански сектор, медиуми, екологија, локална самоуправа.

Овој документ е еден од низата стратешки документи кои Општина Карпош ги донесе во 2009 година и истиот е ревидиран 2018 година.

Буџет: не се потрошени средства бидејќи Профилот не се испечати

**4. Мој Карпош - Моја картичка**

Краток опис: Картичката за попусти е наменета за сите жители на општината и обезбедува погодности и привилегии во повеќе области од оштественото живеење. Секој корисник на картичката има право подеднакво да ги користи погодностите и привилегиите кои произлегуваат од неа.

Главниот партнер на картичката за попусти се претпријатијата кои ги нудат погодностите за корисниците на картичката. Попустите и привилегиите се

дефинирани во договорот помеѓу бизнисот и општината, со што јасно е прецизирано за која категорија/и на производи/услуги важат попустите.

Почнувајќи од мај 2018 година, Секторот за развој со уште 30 државни службеници од Општина Карпош започна со теренска анкета за да го утврди пулсот, т.е расположението кај бизнис секторот за вклучување во оваа акција. До јули вкупно 212 мали и средни претпријатија се вклучија кон оваа активност. Кон средината на месец јули се организирање еден хепенинг " Доручек со стопанствениците", каде беа поканети на неформална средба сите поддржувачи на овој проект.

Од септември се пристапи кон официјализирање на соработката, преку склучување на Меморандуми за соработка со сите пријавени МСП, каде акцијата наиде на интерес и во неа се вклучија и нови МСП. Со тоа се заокружи процесот на пријава со над 229 претпријатија. Потоа се објави тендер за изработка на картички, кои по пат на пријава од страна на граѓаните ќе бидат распределни на секој жител на Карпош кој ќе поднесе пријава започнувајќи од февруари 2019 година.

Во меѓувреме исто така се објави тендер за изработка на апликација за Мој Карпош моја картичка каде граѓаните директно преку веб страна ќе може да добиваат информации за сите фирми кои се вклучени во акцијата, како и за попустите и поволностите кои ги нудат.

Буџет: 258 790,00 денари за печатење на картички и набавка на печатач

## 5. Мотивирање на младите и младите претприемачи

Краток опис: Во Република Македонија, според официјалните податоци од МАКстат базата на податоци на Државниот заводот за статистика, невработеноста на младите е речиси двојно поголема од општата стапка на невработеност – 23,7 отсто, или според возрасни групи: од 15 до 19 год. – 58,9 отсто; од 20 до 24 год. – 46,1 отсто и од 25 до 29 – 35,2 отсто, што ја рангира земјата меѓу првите десет земји во светот, според стапката на невработеност на младите.
Со цел да се помогне на младите во наоѓање на работа или да отворат свој бизнис, Општина Карпош објави Јавен повик за обука на млади лица, жители на територија на Општина Карпош.
Начинот на реализација на оваа проектна идеа одеше преку следната методологија:
За време на обуката, приодот на работа се засноваше на елементи на неформалното образование:

- Отворачки круг
  - Воведен дел за секоја сесија, каде што секој член имаше можност активно да учествува, искажувајќи се како размислува по дадените теми. Отворачкиот круг беше искористен за проследување на агендата, како и темите планирани за секоја сесија.
- Затворачки круг
  - Финалниот дел од сесиите, каде што учесниците имаа можност активно да учествуваат, а со тоа и можност да се провери дали има некои нејасни прашања околу одредена тема, како и добар начин да се одредат следните чекори.
- Бура на идеи
Одлуката за објавување на оглас за стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII И IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на општината беше донесена на 24.08.2018 број 09-6767/6.. Огласот беше објавен на 3 Септември во Нова Македонија и траеше заклучно до 17 Септември. Исто така огласот беше постиран и на социјалните мрежи на општината, како и на огласните табли на училиштата.

Вкупно беа поднесени 29 апликации, од кои 16 беа одобрени во висина од 3.000,00 денари и 4 стипендии по 2.000,00 денари, додека 9 подносители не ги исполнија критериумите од огласот. Одлуката за определување на спортските стипендии за талентирани спортисти е донесена на 31.10, под број 09-8486/6.

**ПРВА** КАТЕГОРИЈА ВО ИЗНОС ОД 3 000,00 ДЕНАРИ ( ЗА ДОБИЕНИ 3 И ПОВЕЌЕ БОДОВИ)

| Реден број | Број на предмет | Име и презиме | Одделение | Училиште | Број на бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 55-7457/1 | Димитри Влахо | IX | ООУ„Христијан Т. Карпош | 3 |
| 2 | 55-7533/1 | Иван Палевски | IX | ООУ..Петар Поп Арсов” | 3 |
| 3 | 55-7585/1 | Мартин Оровчанец | IX | ООУ„Јан Амос Коменски” | 3 |
| 4 | 55-7407/1 | Ивана Ристеска | VIII | ООУ„Јан Амос Коменски” | 5 |
| 5 | 55-7248/1 | Фани Поповски | VIII | ООУ„Владо Тасевски” | 3 |
| 6 | 55-7612/1 | Румејса Фејзула | IX | ООУ„Братство” | 5 |
| 7 | 55-7633/1 | Сашка Колеска | IX | ООУ„Вера Циривири Трена” | 3 |
| 8 | 55-7599/1 | Игор Јаневски | IX | ООУ„Владо Тасевски” | 3 |
| 9 | 55-7625/1 | Марко Петровски | VIII | ООУ„Војдан Чернодрински” | 4 |
| 10 | 55-7492/1 | Ева Петровска | IX | ООУ..Војдан Чернодрински” | 17 |
| 11 | 55-7619/1 | Калина Стојановска | VIII | ООУ„Димо Хаџи Димов” | 15,5 |
| 12 | 55-7618/1 | Андреј Стојановски | IX | ООУ„Димо Хаџи Димов” | 13,5 |
| 13 | 55-7536/1 | Снежана Тунеска | VIII | ООУ„Јан Амос Коменски” | 3,5 |
| 14 | 55-7594/1 | Калија Угриновска | IX | ООУ„Јан Амос Коменски” | 3 |
| 15 | 55-7608/1 | Сергеј Пејковски | IX | ООУ„Јан Амос Коменски” | 7 |
| 16 | 55-7466/1 | Марија Шукуловска | IX | ООУ„Јан Амос Коменски” | 10,5 |

За месец Октомври исплатено на 15.11.2018, Ноември исплатено на 26.12.2018

**ВТОРА** КАТЕГОРИЈА ВО ИЗНОС ОД 2 000,00 ДЕНАРИ ( ЗА ДОБИЕНИ ДО 2 БОДОВИ )

| Реден број | Број на предмет | Име и презиме | Одделение | Училиште | Број на бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 55-7604/1 | Борјан Ѓуковиќ | VIII | ООУ„Братство” | 1 |
| 2 | 55-7600/1 | Ана Блајер | VIII | ООУ„Владо Тасевски” | 1 |
| 3 | 55-7545/1 | Петар Муратовски | IX | ООУ„Христијан Т. Карпош | 1 |
| 4 | 55-7641/3 | Марија Спирковска | IX | ООУ„Димо Хаџи Димов” | 1 |

За месец Октомври исплатено на 15.11.2018, Ноември исплатено на 26.12.2018

УЧЕНИЦИ КОИ **НЕ ГИ ИСПОЛНУВААТ КРИТЕРИУМИТЕ**

| Реден број | Број на предмет | Име и презиме | Одделение | Училиште |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 55-7453/1 | Никола Арсовски | IX | ООУ„Владо Тасевски" |
| 2 | 55-7390/1 | Мила Кнезовиќ | VIII | ООУ„Војдан Чернодрински" |
| 3 | 55-7538/1 | Јордан Тодоровски | IX | ООУ..Лазо Трповски" |
| 4 | 55-7654/1 | Миха Ѓоргон | VIII | ООУ..Петар Поп Арсов" |
| 5 | 55-7435/1 | Војдан Тодоров | IX | ООУ..Владо Тасевски |
| 6 | 55-7613/1 | Фисник Фејзулаху | VIII | ООУ„Братство" |
| 7 | 55-7624/1 | Теодора Цветковска | IX | ООУ„Владо Тасевски |
| 8 | 55-7182/1 | Ана Николовска | I Средно | Гимназија |
| 9 | 55-7526/1 | Емил Ристески | IX | Јахја Кемал |

4. **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТИСТИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ СЕ ЗАНИМАВАТ СО СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНА АКТИВНОСТ - ДЕЈНОСТ КОИ СЕ РЕГИСТРИРАНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ**

Оваа финансиска поддршка се доделува на спортисти, рекреативци и невладини организации кои се занимават со спортско рекреативна активност - дејност. Оваа финансиска подршка ќе биде наменета за припреми, учество на домашни и меѓународни натпревари, спортски кампови, организирање на разни спортски активности, турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортски програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од советниците во советот на општината).

| ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОДРШКА ЗА 2018 ГОДИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Име и Презиме** | **Бр. на решение** | **Износ** | **Еднократна подршка** | **Дата на исплата** | **Не исплатено** |
| Снежана родител на Ана Јаневска | 11-1808/2 21.03.2018 | 12.000,00 | Квалификации за ЕП и СП | 27.03.2018 | |
| Наташа Костова | 11-1110/2 21.03.2018 | 15.000,00 | Планинарски врв Мон Блан | 22.03.2018 | |
| Стојан Поповски | 11-1535/2 21.03.2018 | 30.000,00 | С К Италија Тријатлон | 22.03.2018 | |
| Енвер Исмаили | 55-2612/2 26.03.2018 | 30.000,00 | За СП Ветерани борење | 28.03.2018 | |
| Маре родител на Миа | 11-813/2 13.03.2018 | 30.000,00 | Натпревар пливање Крањ | 10.04.2018 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Блажевска | | | | | |
| Стојанче Колев | 11-2498/2 26.03.2018 | 20.000,00 | Баскет турнир 3x3 | 11.04.2018 | |
| Марјанчо Величковски | 55-2603/2 26.03.2018 | 14.500,00 | Учество на Јувентус камп | 27.03.2018 | |
| Јован Којовски | 55-1693/2 21.03.2018 | 15.000,00 | Планинарски врв Мон Блан | 23.03.2018 | |
| Здружение Мандра | 11-250/2 05.02.2018 | 30.000,00 | Мал фудбал Тоше Проески | 22.02.2018 | |
| Фани Поповски | 11-3118/2 16.05.2018 | 30.000,00 | Усовршување на меѓународни одбојкарски кампови | 01.06.2018 | |
| Анета Врондолиева | 11-3498/2 16.05.2018 | 30.000,00 | Натпреварувачки велосипед | 18.05.2018 | |
| Сергеј Гега | 11-3308/2 16.05.2018 | 12.000,00 | Настан Критична маса | 17.05.2018 | |
| Андреј Стојановски | 11-3789/2 16.05.2018 | 15.000,00 | Далечинско пливање Изреал | 19.06.2018 | |
| Јусуф Амет | 11-3124/2 16.06.2018 | 30.000,00 | Фудбалски камп | 18.05.2018 | |
| Емилија Терзиевска | 11-3750/2 16.05.2018 | 30.000,00 | Меѓународен одбојкарски турнир | 18.05.2018 | |
| Јосиф Јаковлески | 11-2304/2 16.05.2018 | 6.000,00 | Кошаркарски турнир | 17.05.2018 | |
| Коста Николовски | 11-2554/2 16.05.2018 | 10.000,00 | Авто мото трки | 17.05.2018 | |
| Андреј Чочов | 11-4347/2 07.06.2018 | 15.000,00 | подршка за спортска опрема. | 19.06.2018 | |
| Јован Шапе | 11-4357/2 07.06.2018. | 20.000,00 | учество на светското меѓународни семинари по одбојка лига | 19.06.2018 | |
| Андреа Кристина Диневска | 11-4305/2 07.06.2018 | 30.000,00 | усовршување на боречка вештина во странство | 19.06.2018 | |
| Ристо Марга и Димитар Бошнаков | 11-4255/2 07.06.2018 | 15.000,00 | подршка за спортско усовршување | 19.06.2018 | |
| Димитри Влахо | 11-5015/2 07.06.2018 | 30.000,00 | учество на карате меѓународен натпревар | 19.06.2018 | |
| Кирил Андреј и Матеј Глигоровски | 11-4335/2 07.06.2018 | 30.000,00 | подршка за учество на ракометен летен камп | 19.06.2018 | |
| Елизабета Љубен | 11-4336/2: 07.06.2018 | 15.000,00 | учество на кошаркарски летен камп | 19.06.2018 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Илиевски | | | | | |
| Мартин Аврамовски | 11-413/2 16.02.2018 | 12.000,00 | Стрит воркаут | 16.02.2018 | |

Предвидени средства: 1.100.000,00 денари
Вкупно исплатени средства: 556.500,00 денари +персонален данок 11,111% = 58.499,00 = 584.999,00 д.

| СО ОДЛУКА НА СОВЕТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Форца спорт ДД | 55-137/2 20.02.2018 | 30.000,00 | Моторика на деца од 4 до 10г | Исплатено 10.04.2018 |

Со донесена одлука од совет на Општина Карпош од 24.01.2018 годиина број 09-489/28, се одобрија финансиски средства како подршка за успешно реализирање на тренингот за моторика на деца од 4 до 10 години, што се одржуваше на спортските терени во Форца.

5. **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТИСТИ И РЕКРЕАТИВЦИ ОД ОПШТИНА КАРПОШ** (измена и дополнување на програмата за спорт, јуни службен гласник 06/2018)

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Николовски Кирил | 11-4953/3 10.07.2018 | 20.000,00 | За учество на Европско првенство во Шах - Романија | Исплатено 18.07.2018 | |
| Димовска Александра | 11-5269/2 10.07.2018 | 15.000,00 | За искачување на повеќе врвови над 4000 метри | Исплатено 15.11.2018 | |
| Јован Чурлинов | 11-5445/2 10.07.2018 | 20.000,00 | За учество на летен кошаркарски камп | Исплатено 19.07.2018 | |
| Зоран Наумчески | 11-2377/2 10.07.2018 | 12.500,00 | За мрежи за одбојка и за два ракометни гола | Исплатено 19.07.2018 | |
| Димиар Атанасовски | 11-5861/2 10.07.2018 | 20.000,00 | За учество на велосипедска трка во Германија | Исплатено 12.07.2018 | |
| Слободан Ивчевски | 11-5629/2 Датум: 22.08.2018 | 30.000,00 | За набавка на нови гуми за брзи мото трки. | Исплатено 15.11.2018 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Карате клуб Карпош | 11-6380/2 Датум: 22.08.18 | 8.000,00 | За учество на семинар во Охрид | Исплатено 17.12.2018 | |
| Јована Здравковска Ивановска Здравковска Ана | 11-6846/2 Датум: 22.08.18 | 30.000,00 | За учество на пливачки турнир во Шабац Србија | Исплатено 18.09.2018 | |
| Костантин Кировски | 11-5917/2 Датум: 22.08.18 | 12.000,00 | За учество на фудбалски камп во Грција | Исплатено 18.07.2018 | |
| Стојан Митев | 11-7810/2 Датум: 02.10.18 | 15.000,00 | Организирање кошаркарски настан од едукативен и забавен карактер | Исплатено 10.12.2018 | |
| Валентина Радуловиќ | 11-7649/2 Датум: 02.10.18 | 15.000,00 | Спортски ракометни реквизити | Исплатено 10.12.2018 | |
| Петар Заборски | 11-8481/2 Датум: 31.10.18 | 25.000,00 | За учество на меѓународен турнир во карате | Исплатено 29.12.2018 | |
| Симона Заборска | 11-8480/2 Датум : 31.10.18 | 25.000,00 | За учество на меѓународен турнир во карате | Исплатено 29.12.2018 | |
| Благица мајка на Анѓелковиќ | 11-8386/2 Датум: 31.10.18 | 15.000,00 | За учество на меѓународен турнир во пливање (Србија) | Исплатено 29.11.2018 | |
| Игбал Фејзулаху | 11-8250/2 Датум: 31.10.18 | 20.000,00 | За учество на меѓународен турнир во џудо | Исплатено 14.01.2019 | |
| Крумислав Јововски, исплатено на Сања Несторовска | 11-8925/2 Датум: 05.12.18 | 30.000,00 | За искачување на највисокиот врв на Балканот | Исплатено 10.12.2018 | |
| Ангела Прилепчанска | 11-9196/2 Датум: 05.12.18 | 30.000,00 | За учество на тренинзи во странство (Белград и Софија) | Исплатено 10.12.2018 | |
| Дијана Михајловски | 11-9462/2 Датум: 05.12.18 | 30.000,00 | За поддршка за спортска опрема и учество на меѓународен турнир | Исплатено 26.12.2018 | |
| Магдалена Тодоровска | 11-9589/2 Датум: | 30.000,00 | За учество на искачување на | Исплатено 06.12.2018 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 05.12.18 | | планинарски врвови во Бугарија и Грција | | |
| Надежда Стефановска | 11-9245/2 Датум: 05.12.18 | 29.000,00 | За подржка на организирање на меѓународен турнир. | Исплатено 26..12.2018 | |

ПРЕДВИДЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА 1.100.000,00 ДЕНАРИ, ПОТРОШЕНИ 988.000,000, ПЛУС 11,111% ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК, ВКУПНО = 1.097.777,00 ДЕНАРИ

## 6. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРОЕКТИ ЗА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОПШТИНА КАРПОШ

Неисплатено:

- Здружение на граѓани за спортски, едукативни и хуманитарни активности Забава и спорт за реализација на проектот Спорт и забава за сите деца во износ од 263.000,00 денари. Одлука на совет бр. 09-6767/20 од 24,08,2018. **(неисплатено)**
- Мирјана Стефановска за реализација на проектот Едукативно превенирање на насилството во образовните институции и на спортските настани во износ од 200.000,00 денари. Одлука на совет бр. 09-6767/19 од 24.08.2018. **(неисплатено)**
- Димитар Ѓатовски за реализација на проектот Здрав рбет за подобро здравје, во износ од 180.000,00 денари. Одлука на совет бр. 09-6767/21 од 24.08.2018. **(неисплатено)**
- Марио Јовановски за реализација на проектот Фит гејмс во износ 100.000,00 денари. Одлка на совет бр. 09-7647/7 од 17.09.2018 **(неисплатено)**

## 7. КАРПОШ 2018 ОТВОРЕНА ТРКА (OPEN RUN)

На кејот на реката Вардар во близина на амфитеатарот, се одржа овогодишниот Училишен Атлетски крос. Момчињата од основите училишта на територијата на Општина Карпош, се натпреваруваа во четири дисциплини и тоа: 100м. 150м; 200м; 250м и 300 метри, додека девојчињата исто така се натпреваруваа во четири дисциплини: 100м; 150м; 200м; 250 и 300 метри.

Шестоодделенката Јана Илиевска од Јан Амос Коменски го освои првото место во категоријата на 100 метри, додека Ениса Јашарова од „Аврам Писевски“ е победничка на 150 метри. Осмоодделенката Снежана Тунеска од „Јан Амос Коменски“ е најдобра во трчање на 200 метри, додека Ива Чадиковска од „Владо Тасевски“ е шампионка на 250 метри.Кај момчињата Дамјан Павловски од „Петар Поп Арсов“ е

најдобар до 150 метри, а Омер Алитовски од „Аврам Писевски“ победи во трката на 200 метри. Насер Бајрами од истото училиште е најдобар во трката на 250 метри, додека Петар Муратовски од „Христијан Тодоровски – Карпош“ е најдобар на трката во 300 метри. Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, им го честиташе успехот и им додели пехари на победниците до трето место во сите натпреварувачки категории.

Предвидени средства 60.000,00 денари

Пехари крос 26.607,00 денари

Разглас 20.141,00 денари

Постоље за 1, 2 и 3место 1.322,00 денари

Вкупно: 48,070,00 денари

8. СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТУРНИРИ ПО ПОВОД ДЕНОВИ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Фудбалски куп**

Во рамките на програмата за одбележувањето на денови на Општина Карпош 03.11.2018 година, се одиграа фудбалски куп, а учествуваа 10 основни училишта од подрчјето на Општина Карпош. Се одиграа вкупно 8 натпревари на терените на спортскиот центар Влае по систем елиминации. Во големото финале се сретнаа екипите на ООУ„Владо Тасевски” и ООУ„Петар Поп Арсов”. Првото место го освои екипата на ООУ„Аврам Писевски”. На учесниците во финалниот натпревар им беа доделени дипломи за учество и пехар за освоеното прво место.

**Кошаркарски куп**

Од 27.10 - 29.10.2015 по повод денови на Општина Карпош се организираше и кошаркарски куп помеѓу основните училишта од Општина Карпош. Натпреварите се играа во ООУ “Војдан Чернодрински”, а финалето во СЦ Борис Трајковски. Учествуваа 9 училишта кои се во Општинската лига и се играше систем на елиминации . Победник на купот по повод денови на Општина Карпош беше ООУ” Војдан Чернодрински ”, кој беше поуспешен во финалето од кошаркарската екипа на ООУ “Јан Амос Коменски”.

**Одбојкарски куп**

За одбојкарскиот куп беа пријавени 7 екипи од основните училишта на теритоија на Општина Карпош. Турнирот помина во фер и спортска атмосфера, а победник на одбојкарскиот куп беше екипата на ООУ„Лазо Трповски” кој ја совлада екипата на ООУ„Петар Поп Арсов”. На учесниците во финалниот натпревар им беа доделни дипломи, а за победникот на купот му беше доделен пехар од страна на Општина Карпош и Одделението за Култура и Спорт.

**Ракометен куп**

Ова натпреварување помеѓу основните училишта на ниво на Општина Карпош се одигра од 29.10.2018г до 30.10.2018г . Натпреварите се одиграа во спортскиот ценар „Борис Трајковски”, во кој учествуваа екипите на :Војдан Чернодрински, Петар Поп Арсов, Владо Тасевски, Лазо Трповски, Аврам Писевски, Јан Амос Коменски, Вера Цiривири Трена, Димо Хаџи Димов и Христијан Тодоровски Карпош. Натпреварите се играа по систем на елиминации. Во првиот полуфинален натпревар се сретнаа екипите на Христијан Тодоровски Карпош и Вера Циривири Трена а во вториот екипите на Владо Тасевски и Јан Амос Коменски. Во финалето се стретнаа екипите на Христијан Тодоровски Карпош и Владо Тасевски во кое подобра беше екипата на Владо Тасевски која го освои првото место.

ПЕНЗИОНЕРСКИ ИГРИ

На 19.10.2018 година по девети пат се одржаа традицоналните Пензионерски спортски игри на кои земаа учество околу 100 рекреативци. Исто така како и секоја година активните учесници во натпреварувањето беа бодрени од околу 200 свои членови.

Граѓаните на Карпош од така нареченото третото доба, од пензионерските друштва, Тафталиџе и Карпош, си ги одмерија силите во пет дисциплини и тоа: пикадо (мажи и жени), скок во далечина (мажи), фрлање ѓуле (мажи и жени), трчање 60 метри (жени) и трчање 80 метри (мажи) како и влечење јаже (мажи и жени).

На годинешните Пензионерски спортски игри беа постигнати следните реаултати:

Во дисциплината пикадо за мажи прво место освои Иван Костадиновски од ПД Тафталиџе, второто место му припадна на Ристо Димитров од ПД Карпош и третото Бранко Милев од ПД Тафталиџе.

Во пикадо за жени првите три места ги освоија Борјанка Боцевска - прво, Вела Стојковска, второ, а третото место и припадна на Невена Вељановска, сите три членки на ПД Карпош.

Во дисциплината фрлање ѓуле за мажи трофеите ги понесоа: запрво место - Живко Божиновски, второто Александар Алексовски и третото за Љубомир Петковски сите членови на ПД Тафталиџе.

Во фрлање ѓуле за жени, првото место го избори Цвета Ивановска, од ПД Карпош, второто на Лепосава Митковска од ПД Тафталиџе, а Тања Радојковиќ од ПД Карпош го освои третото место.

Во дисциплината „скок од далечина“ победничките места им припаднаа на Љубе Велковски од ПД Тафталиџе, прво, Миле Јаневски од ПД Тафталиџе – второ и третото на Аце Стојановски од ПД Карпош.

Во дисциплината трчање на 80 метри за мажи победник е Љубе Велковски од ПД Тафталиџе, второ место освои Светланчо Чоневски од ПД Тафталиџе и третото Цветан Божиновски од ПД Тафталиџе

Во трчање на 60 метри за жени победнички се: Љубинка Стојановска од ПД Тафталиџе, Боца Герасимовска од ПД Тафталиџе и Милица Пандиловска од ПД Тафталиџе кои редоследно освоија прво, второ и трето место.

Во последната дисциплина влечење на јаже во женска и во машка конкуренција, победници се членовите на ПД Карпош.

Најдобрите тројца пласирани спортисти добија пехари, а по доделувањето на пехарите беше организиран и ручек за сите присутни пензионери.

Предвидени средства 150.000,00 денари

Пехари: 30.026,00 денари, Свечен ручек 64.500,00 денари

Разглас: 20.141,00 денар, Маса и постоље за прво, второ и трето место 1.322,00 денари

Вкупно: 115.989,00 денари

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПОРТ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во обласла на детската, социјалната и здравствената заштита за 2018 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2018 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/21<br>Датум: 31.01.2019 година<br>Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за дејности од јавен интерес, Одделение за детска, социјална и здравствена заштита.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/22
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 ГОДИНА

# ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Согласно со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2018 година, Одделението за детска, социјална и здравствена заштита во првата половина на 2018 година реализираше повеќе активности насочени кон вонинституционалните форми за социјална заштита на ранливите групи засегнати од последиците на сиромаштијата и социјалната исклученост, и активности за унапредување на воспитно згрижувачката дејност и здравствената заштита од предучилишните установи од општината.

## 1. „Дружење со стари и осамени лица “

<u>14.02.2018</u>

Согласно Програмата за активностите од областа на детската, социјалната и здравствената заштита на Општина Карпош на ден 14.02.2018 година, по повод празникот Св.Трифун и Денот на љубовта кој се празнува на меѓународно ниво и оваа година по осми пат се организираше настанот, „Дружење со стари и осамени лица“.

На средбата присуствуваа 37 граѓани од општина Карпош кои што се осамени ( останале без својот брачен другар, самохрани родители, болни лица и др.) а, се на постара возраст или од друга причина се помалку вклучени во секојдневниот социјален живот. Покрај Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, претставници од општинската администрација присуствуваа и советници од Советот на Општината.

Целта на овој настан е меѓусебно дружење и запознавање, намалување на чувството на осаменот, зајакнување на чувството на припадност во заедницата, подобрување на начинот на живот, психо-социјална поддршка на присутните и др. Во тек на настанот, Градоначалникот на припадничките од понежниот пол им подари по една роза.

Преку дружењето и меѓусебното запознавање, Градоначалникот, преставниците од општинската администрација и советниците, во текот на средбата остваруваа контакти со присутните граѓани за да ги сослушаат нивните лични и општествени проблеми кои се во ингеренции на локалната самоуправа, заради подобрување на квалитетот на нивниот живот.

Примарната цел е да се покаже почит и разбирање кон овие наши сограѓани, не само денеска , туку во текот на целата година преку низа проекти и активности.

На крајот на средбата граѓаните ја изразија благодарсноста за поканата, организирањето на овој настан за кој што ја даваат и нивната поддршка.

Настанот беше медиумски покриен од неколку телевизии и интернет портали.

2. ,,Со подобра исхрана на децата до подобро здравје и благосостојба“

09.03.2018

Општина Карпош преку овластеното лице за контрола и безбедност на храна М-р Ирена Калајџиева – Милевска учествуваше на овој едукативниот настан кој се одржа во ТЦЦ „Гранд Плаза“ во организација на НВО „Студиорум“, а под покровителство на УНИЦЕФ, Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика.

Воведен збор имаа проф. д-р Рената Дескоска - Министер за образование и наука, М-р Мила Царовска - Министер за труд и социјална политика, заменик министер за здравство Гоце Чакаровски и претставникот на УНИЦЕФ Бенџамин Паркс. (Сл. 2 и Сл. 3). Во своето обраќање, сите едногласно се согласија дека правилните навики за исхрана на децата започнуваат во предучилишните, а продолжуваат во училишни установи и тие остануваат во текот на целиот живот. Работилницата ја водеа д-р Игор Спировски од Институтот за јавно здравје, проф. д-р Валентина Павлова, декан на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и дипломираниот нутриционист, Надица Илиевска.

На присутните им беа презентирани научните истражувања за исхраната на децата во градинките и основните училишта, упатството за правилна примена на Правилникот за стандардите на исхраната и оброците, креирање на менија, како и внесување новини во старата нормативна регулатива.

Во работните групи, учесниците ги искажуваа своите експертски ставови и мислења кои беа ставени во завршниот заклучок на документот, кој ќе биде приложен до ресорните министерства. Со преземање на оваа иницијатива, се очекува да започнат реформите во сите општини во Република Македонија.

## 3. „Менаџирање на контролата и безбедноста на храната во градинките и во основните училишта“

12-13.03.2018

3. На покана на декан Проф. д-р Валентина Павлова на Технолошко – технички факултет во Велес на 12-ти и 13-ти март 2018 година во својство на надворешен соработник, овластеното лице за контрола и безбедност на храна на Општина Карпош М-р Ирена Калајџиева Милевска одржа предавања на студентите на трета и четврта година од смеровите за прехранбена технологија, биотехнологија и нутриционизам.

Презентациите на тема: ѝм овозможија на студентите да се запознаат со организирање, спроведување и инспекторски надзор на лицата кои се директно вклучени во процесот на производство на храната во кујните на предучилишните и училишните установи.

Предавањата ги следеа 40 студенти од овој факултет распоредени во 4 групи со цел да се овозможи пристапност на методолошкиот концепт и интерактивност за време на работилниците кои следеа. Лабораториските наоди и теоретско-практичниот приказ го водеа М-р Милевска и Проф. д-р Павлова кои изработија нацрт – план за следливост на критичните контролни точки (биолошки, физички и хемиски) во процесот на технолошката преработка на храната. Беше презентиран начинот на имплементација на седумте принципи на HACCP – системот во кујни каде што се подготвува храна за деца од предучилишна возраст, ризиците кои би довеле до алиментарни труења и начинот на нивно спречување. Студентите преку работа во групи изготвија свои протоколи за работа по што ги презентираа и ги елаборираа.

Размена на искуствата преку надворешни соработници ѝм овозможува на студентите да направат поблизок контакт со институциите и да се стекнат со практично искуство во текот на студирањето.

Трошоците ги покриваше Технолошко – технички факултет во Велес.

## 4. „Здрав оброк за секое дете“

19.02 до 05.03. 2018

Општина Карпош Ванила Фуд ДОО организираше презентација на новите менија кои ги подготвија во соработка со Дипл. Нутриционист Надица Илиевска и Проф. Д-р Валентина Павлова. Презентациите беа наменети за родителите на децата од основните училишта со цел интеракциски да се соработува во коригирање и формирање на новото мени во ООУ.

Одзивот на родителите во сите девет училишта беше на минимално ниво иако писмено беа известени преку наставниците и директорите. Беше извршена анкета преку која родителите се изјаснија какви промени според нив се потребни и во писмена форма ги посочија своите сугестии. По пополнување на анкетниот

прашалник, менито се ремоделирашево во неколку етапи, и тоа: детално разложување на нутритивните вредности на постоечкото мени, имплементирање на сугестиите од анкетните листови и формирање нови рецептури и нормативи со цел подобрување на старото мени. Како куриозитет, претставниците од Ванила фуд ДОО посочија дека родителите кога сакаат се во можност да влезат во мензата каде што децата јадат и да ги пробаат оброците кои се послужуваат.

**5. „Подај рака донирај за твојот сосед“**
**Хуманитарна акција по повод Велигденските празници**
**24-25. 05. 2018**

По повод одбележувањето на Велигденските празници, беше организирана 23 -та по ред хуманитарна акција под мотото „Подај рака донирај за твојот сосед“ наменета за лица/семејства во социјален ризик.
На ден 24 и 25 март 2018 година беа поставени штандови пред 12 поголеми маркети ( Тинекс, КАМ Маркет, Стокомак, Гранап и Веро ) на територијата на Општина Карпош на кои граѓаните имаа можност да донираат прехранбени и хигиенски производи. Во акцијата се вклучи и Градоначалникот Стефан Богоев.

Во акцијата беа вклучени и вработени во администрацијата на општината, како и училиштата и градинките од територијата на Општина Карпош кои со своите донации придонесоа да се збогати содржината на хуманитарните пакети.
Оваа акција како и многу пати досега наиде на позитивен одзив кај жителите на нашата општина кои ја покажаа својата хуманост со несебично донирање на хигиенски и прехрамбени производи со кои барем малку би ја олесниле тешката состојба во која се наоѓаат нивните сограѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик . Од собраните прехрамбени и хигиенски производи вработените од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош спакуваа 110 пакети.

Доделувањето на пакетите беше организирано на три пунктови и тоа во УЗ „Владо Тасевски “ , УЗ „Карпош 2 “ и УЗ „ Влае 1 “ а се со цел да им се излезе во пресрет на граѓаните заради близината на нивното место на живеење (Сл. 9 и Сл. 10).

Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, лично им ги додели пакетите на граѓаните на сите три пунктови , а одвои и време да поразговара со нив за можностите за решавање на нивните проблеми и надминување на тешката материјална состојба во која тие моментално се наоѓаат.

Тој истакна дека крајна цел е проблемите да се решаваат системски, со цел да се надмине сиромаштијата и невработеноста која е присутна на локално ниво.

На старите и изнемоштени граѓани уште истиот ден, пакетите им беа доставени до нивните домови, од страна на претставници на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита.
Тој истакна дека крајна цел е проблемите да се решаваат системски, со цел да се надмине сиромаштијата и невработеноста која е присутна на локално ниво.
На старите и изнемоштени граѓани уште истиот ден, пакетите им беа доставени до нивните домови, од страна на претставници на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита.

По доделувањето на хуманитарните пакети во разговор со граѓаните се дојде до сознание дека на лицата/ семејствата кои за прв пат или повеќекратно добиле хуманитарна помош овој вид на помош е поддршка за ублажување на нивната тешка материјално-финансиска состојба, но Богоев истакна дека во соработка со Министерството за труд и социјална политика се прават идни планови тоа да се вклучи во поддршка на социјално загрозените граѓани преку конкретни проекти и активности за да се обезбеди достоинствен живот и егзистенција за сите.

## 6. НУТРИКОН 2018
13 – 15.06. 2018

Избалансираната исхрана и подготвување мени на децата од предучилишна и училишна возраст, на студентите во студентските домови како и менито наменски изготвено за пациентите во болнички услови, беше главна тема на петтиот по ред - НУТРИКОН 2018, меѓународна конференција за безбедност на храна. Таа, овој пат, се одржа од 13 до 15-ти јуни 2018-та година во хотелот „Гранит“ во Охрид, и опфати повеќе од 20 земји учесници и приближно 200 учесници. (Сл. 12) Општина Карпош, на овој исклучително значаен Конгрес за контрола и безбедност на храна, здравје и нитриционизам, беше претставена преку своето овластеното лице за контрола и безбедност на храна во градинките и основните училишта на територијата на општината м-р Ирена Калаџиева - Милевска. Настанот беше во организација на Консалтинг и тренинг центар КЛУЧ кој воедно е и Регионалната секција на EHEDG (Европското тело за хигиенски инженеринг и дизајн) чиј институционален член е Општина Карпош.

Особен интерес кај присутните и дискусија поттикна Проектот на дипломираниот нутриционист Надица Илиевска и проф. д-р Валентина Павлова од Факултетот за технолошко-технички науки при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ кој се одвиваше годинава во соработка со основните училишта на територија Општина Карпош и операторот за храна во Општината (Сл. 13). Светската научната фела го оцени овој проект прогресивен и позитивен од аспект што, менито кое се изработи за децата во нашите основни училишта, не само што ги исполни сите законски барања од земјава, туку беше воведен и нов прогресивен пристап заснован на законските

регулативи на Европската Унија. Како завршен документ и оваа година беше издадена „Книгата на апстракти“ од научните и стручни трудови на сите учесници на овој настан, во чиј организациски Комитет како нејзин член е и претставникот на Општина Карпош м-р Ирена Калајџиева - Милевска.

## 7. Програмата за работно ангажирање – Јавни работи за 2018 година
<u>26.06.2018</u>

Општина Карпош, во соработка со Агенцијата за вработување, го реализираше проектот од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина.

При спроведување на овој проект Агенцијата направи селекција од пријавените кандидатите, од кои беа избрани 12 лица за работа на територијата на Општина Карпош. Лицата беа распоредени во сите 14 урбани и месни заедници на територијата на Општина Катпош за оддржување на зелените површини и одржување на хигиената на улиците кои што се во надлежност на општината. Овие лица беа координирани од одговорно лице од општината, кое што беше задолжено за водење евиденција за нивниото присуство на работното место.

Целта на овој проект е обезбедување на чиста и уредена општина, општина со свое катче за одмор и општина каде ќе може слободно и безбедно да се движат граѓаните.

Преку овој проект, не само што се вработуваат лицата и се подобрува нивната финансиска состојба туку од друга страна преку ангажирање на лицата се решава и проблемот на граѓаните кои што се нашле во социјален ризик.

За спроведување на оваа програма беше предвидена финансиска подршка во износ од 400 денари дневно по ангажирано лице за период од 22 работни дена, со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

## 8. „Одбележување на Светскиот ден на храната 16-ти октомври„
<u>16.10.2018</u>

По повод Светскиот ден на храната 16-ти октомври, во соработка со Општина Карпош децата од ЈОУГД „ Орце Николов“, во Карпош 3 одржаа презентација за здрава храна и со тоа покажаа што научиле досега за важноста од нејзиното консумирање. На денешната манифестација овластеното лице за контрола и безбедност на исхраната во градинките и училиштата во Општина Карпош м-р Ирена Калајџиеава-Милевска им додели благодарници на децата кои го презентираа своето знаење, на директорите на детските градинки „Пролет“, „Распеана младост“, и

„Мајски цвет“, како и на воспитно-згрижувачкиот кадр кор помогна да се реализира настанот.

На одбележувањето на овој светски Ден на храната присуствуваше и Претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев кој нагласи дека Општина Карпош е локална самоуправа која на приоритетно место го става квалитетот и безбедноста на исхраната како во градинките, така и во училиштата кои се наоѓаат на нејзината територија. (Сл.14) Манифестацијата продолжи со тематски музичко-драмски точи на децата од сите четири градинки на територијата на Општина Карпош.

9. „ НАХРАНИ 10.000“
Хуманитарната акција
25. 11. 2018

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев се приклучи на хуманитарната акција под мотото „ Нахрани 10.000“ иницирана од Организацијата на жени на Град Скопје.
Оваа акција беше организирана по повод одбележувањето на Светскиот ден на храната 16 Октомври.
Градоначалникот Богоев ја додели својата донација на штандот пред маркетот Тинекс во Карпош 2.

Донираната храна беше доделена од претставниците на Одделениeто за детска, социјална и здравствена заштита на 11 жени од територијата на Општина Карпош кои во моментот се наоѓаат во состојба на социјален ризик.

Општина Карпош и во претстојниот период ќе продолжи да ги поддржува ваквите акции кои ќе овозможат подостоинствени услови за живот на сите граѓани, како и сос проведување на социјалните политики кои нудат системска помош и поддршка за најранливите категории на граѓани.

**10. „Подај рака, за твојот сосед“**
**по повод Денот на Општина Карпош 2018 година**
**05-09.11.2018**

По повод Денот на Општина Карпош, беше организирана 24 -та по ред хуманитарна акција под мотото „Подај рака, за твојот сосед“ наменета за лица/семејства во социјален ризик.

Во акцијата беа вклучени и вработени во администрацијата на општината, како и училиштата и градинките од територијата на Општина Карпош кои со своите донации придонесоа да се збогати содржината на хуманитарните пакети (Сл. 18).

Оваа акција како и многу пати досега наиде на позитивен одзив кај жителите на нашата општина кои ја покажаа својата хуманост со несебично донирање на хигиенски и прехрамбени производи со кои барем малку би ја олесниле тешката состојба во која се наоѓаат нивните сограѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик .

Од собраните прехрамбени и хигиенски производи вработените од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош спакуваа 150 пакети.

Доделувањето на пакетите беше организирано на три пунктови и тоа во УЗ „Владо Тасевски “ , УЗ „Карпош 2 “ и УЗ „ Влае 1 “ а се со цел да им се излезе во пресрет на граѓаните заради близината на нивното место на живеење

Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, лично им ги додели пакетите на граѓаните на сите три пунктови , а одвои и време да поразговара со нив за можностите за решавање на нивните проблеми и надминување на тешката материјална состојба во која тие моментално се наоѓаат. Тој истакна дека крајна цел е проблемите да се решаваат системски, со цел да се надмине сиромаштијата и невработеноста која е присутна на локално ниво

На старите и изнемоштени граѓани уште истиот ден, пакетите им беа доставени до нивните домови, од страна на претставници на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита.

По доделувањето на хуманитарните пакети во разговор со граѓаните се дојде до сознание дека на лицата/ семејствата кои за прв пат или повеќекратно добиле хуманитарна помош овој вид на помош е поддршка за ублажување на нивната тешка материјално-финансиска состојба, но Богоев истакна дека во соработка со Министерството за труд и социјална политика се прават идни планови тоа да се вклучи во поддршка на социјално загрозените граѓани преку конкретни проекти и активности за да се обезбеди достоинствен живот и егзистенција за сите.

## 11. ПОСЕТА НА ГЕРОНТОЛОШКИ ЗАВОД 13-ти НОЕМВРИ ОДДЕЛ „ МАЈКА ТЕРЕЗА “

09.11.2018

По повод роденденот на општина Карпош, градоначалникот Стефан Богоев го посети Домот за стари лица „Мајка Тереза“ во Злокуќани, а кој е во состав на ЈЗУ Герентолошкиот завод „13-ти Ноември“

Општина Карпош прославува 42 години и по тој повод е и денешната посета на Домот „Мајка Тереза“, со цел да ги посетиме оние кои ни се блиски и драги, а кои

живеат тука во нашата општината. Градоначалникот на оваа средба на сите жители на овој дом, им врачи пригодни подароци, 70 пакети со кондиторски производи и средства за лична хигиена

Во топла атмосфера, со весела игра и песни од најмладите-дечиња од градинката „Орце Николов“, постарите жители на Карпош минаа еден час во разговор со својот градоначалник и вработените во Одделението за социјална, детска и здравствена заштита, а домаќини на гостите од Општината беа директорката на ЈЗУ Геронтолошки Завод „13 Ноември“ - Скопје д-р Салија Љатиф Петрушовска и Дејан Петров, раководител на одделот „Мајка Тереза“. На овој начин Општината уште еднаш ја потврди континуираната грижа што ја води за најстарите жители од својата територија

12. „ Сите сме исти сподели среќа„

–Денот за лицата со попреченост

3.12.2018 год

По повод 3-ти Декември -Денот на лицата со попреченост по 9- ти пат Општина Карпош организираше пригодна средба и дружење во просториите на ОУ Лазо Трповски .

Градоначалникот Стефан Богоев, заедно со претседателот на Советот на Општина, Советниците и Општинската администрација за таа пригода им доделија еднократна парична помош во износ од 3 000 денари на лицата со попреченост со цел Новогодишните празници да ги минат во пријатна атмосфера .

На средбата присуствуваа 100 лица/семејства кои на пригоден начин се дружеа меѓу себе и Општинската администрација, изразувајќи голема благодарност за паричната помош која во денешно време секому е добродојдена .

Средбата ја збогатија и учениците од ООУ Лазо Трпевски со музички точки и пригодна програма, која придонесе позитивна енергија и воодушевување од страна на лицата со попреченост .

Оваа средба ја одбележи Никола Стојановски –дете со Даунов синдром каде што му подари на Градоначалникот Стефан Богоев керамичка рачна изработка, што сам ја изработил

**13. „Модел на инклузивна општина“**
**12 – 15.12.2018 год.**

Како дел од проектот „Инклузивни партнерства во заедниците“, проектот го спроведува Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“-Македонија и е финансиран од Европската Комисија,преку Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР) 2016-2017 – Поддршка за граѓанското општество преку национални програми за поддршка.Проектот се спроведува од март 2018 до февруари 2020 година.

Обуката се одржа во периодот од 12 до 15 декември во Хотел Гарденија – Велес, а беше наменета за претставници од општините и невладините организации вклучени во проектот.

Преку размена на искуства и тимска работа учесниците се стекнаа со искуства и нови знаења за инклузијата на лицата со попреченост во сите сегменти на живеење и тоа инклузивни социјални услуги и пазар на трудот,инклузивно образование, инклузивност во забава, рекреација и медиуми,инклузивно партнерство со граѓанскиот сектор

**14. Еднократна парична помош за лица/семејства во социјален ризик, за лица со инвалидитет ,новороденчиња и работата на Овластеното лице за контрола и безбедност на храна.**

Општина Карпош доделува еднократен паричен надоместок еднаш во годината за:
-Лица/семејства кои се нашле во состојба на социајлен ризик
-Потешко лекување
-Елементарна непогода ( поплава, пожар )
За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање и стручните служби од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита прават увид во домот на барателот.

Потоа барањата се разгледуваат од страна на Комсијата за доделување на еднократна парична помош формирана од страна на Градоначалникот.

Во 2018 година беше доделена еднократна парична помош на 252 лица/семејства во социјален ризик.
Покрај паричната помош на гарағаните им се даваат и други видови на поддршка и тоа психосоцијална помош и упатување во соодветан институција за решавање и надминување на нивните проблеми .

Во Програмата се планирани финансиски средства и за еднократна парична помош за новородено и посвоено дете од општината. За добивање на овие средства, е потребно исполнување на критериуми одобрени од Советот на Општина Карпош.

-Според Програмата е предвидена и работата и на Овластеното лице за контрола и безбедност на храна во ЈОУДГ и во ООУ на територија на Општина Карпош. Направени се 6 рутински контроли во сите градинки и клонови на територија на Општина Карпош и 5 во основните училишта. Забележани се вонредни активности со препораки за појава на Австралискиот вирус во светот и интервенирано е согласно дописот на Министерството за здравство. Повремена појава на шуга во едно семејство/ ученик во основно училиште. За таа цел се дејствуваше според однапред утврен протокол.

***<u>Заклучок:</u>***

Проектите предвидени во Програмата на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита за 2018-та година ги координираат вработените од Одделението. Тие земаат активно учество во нивно планирање и реализација преку теренската работа и давањето на психо-социјална поддршка.

Во дел од проектите со свои активности за поддршка и нивно успешно реализирање, се вклучуваат предучилишните установи и основните училишта на територијата на Општина Карпош,

Надворешните соработници кои реализираат дел од проектите во Програмата, се во постојан контакт со вработените од Одделението. Целта е да се следи успешноста на нивно успешно реализирање, по што носителите на проектите се должни да поднесат извештај за реализација на нивните проектни активности до Општина Карпош.

Во Програмата има и проекти кои се поддржани од ресорни министерства, невладини организации и стручни лица.

Освен активностите предвидени во Програмата, вработените во Одделението посетуваа работилници, обуки, учество во проекти и др. кои придонесуваа за надградување на нивните знаења и следење на современите трендови од областа на детската, социјалната и здравствената заштита. Целта на ваквите активности е подобрување на животот на социјално – ранливите категории лица/семејства во Општина Карпош и унапредување на воспитно-згрижувачката дејност и здравствената заштита на децата и граѓаните.

СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

**Одделение за детска заштита, социјална заштита и здравствена заштита**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2018 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2018 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/22
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за дејности од јавен интерес, Одделение за образование.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/23
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

# ИЗВЕШТАЈ

## за реализација на активности од Програмата за образование за јануари- декември 2018 година

Општината Карпош во дејноста образование, својата годишна програма ја реализираше како организатор и покровител на повеќе активности и манифестации кои се од јавен интерес за децата, младите и воопшто за граѓаните на Општината.
Покрај предвидените активности од Програмата, во текот на јануари-декември 2018 година беа остварени и низа други активности кои сами по себе произлегоа како потреба за да се оствари образовната, здравствената и воспитната компонента кај учениците во основните училишта на територија на општина Карпош.

<u>РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ДЕЈНОСТА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА</u>

1. **Бесплатни ужинки за учениците од:**

**-I,II,III, IV и V за учебната 2017/18 година**
**-I,II,III,IV и V за учебната 2018/19 година**

Општина Карпош и во новата учебна година продолжи да обезбедува бесплатни ужинки за учениците од основните училишта заради подобрување на квалитетот на живеење на жителите на Општината и поддршка на учениците и нивните родители.
Добавувач на ужинките е Ванила Фуд Доо, кој секој месец за основните училишта во општина Карпош доставува 3205 ужинки за ученици од 1 до 5 одделение.

Реализатор: Општина Карпош

2. **Бесплатни излети за ученици од I до VII одделение за учебната 2017/18 и од I до VIII одделение за учебната 2018/19 година**

Програмата за образование за 2018 година ги вклучува и бесплатниот пролетен излет за ученици од прво до седмо одделение за учебната 2017/18 година и бесплатниот есенски излет за ученици од прво до осмо одделение за учебната 2018/19 година.
Бесплатните пролетни излети за ученици од прво до седмо одделение за учебната 2017/18 година се закажани во период од 26 април до 28 мај.

Пролетниот излет го посетија вкупно 4515 лица од сите десет училишта, а локациите што ги посетија се следниве:

- Марков манастир
- Манастирскиот комплекс Пеленица, драчевско и
- Кучково

Превозот на учениците и наставниците за пролетниот излет го обезбеди општина Карпош со помош на превозниците ЈСП и Сара Травел.

| **Ред.бр.** | **Училиште** | **Ден** | **Место** | **Број на лица** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ | 26 април | Кучково | 300 |
| 2 | ООУ„Владо Тасевски“ | 27 април | Кучково | 813 |
| 3 | ООУ„Братство“ | 30 април | Кучково | 478 |
| 4 | ООУ„Аврам Писевски“ | 10 мај | Пеленица | 150 |
| 5 | ООУ„Димо Хаџи Димов“ | 16 мај | Марков манастир | 608 |
| 6 | ООУ„Војдан Чернодрински“ | 17 мај | Пеленица | 471 |
| 7 | ООУ„Петар Поп Арсов“ | 18 мај | Пеленица | 573 |
| 8 | ООУ„Вера Циривири Трена“ | 21 мај | Пеленица | 223 |
| 9 | ООУ„Лазо Трповски“ | 23 мај | Марков манастир | 384 |
| 10 | ООУ„Јан Амос Коменски“ | 28 мај | Пеленица | 515 |

Бесплатните есенски излети за учебната 2018/2019 година се реализираа во месец октомври и овој пат беа вклучени и учениците од осмо одделение. На излетите беа вкупно 4722 лица од сите десет основни училишта и ги посетија следниве дестинации:

- Марков манастир
- Манастирскиот комплекс Пеленица, драчевско
- Кучково и
- Сарај

И за есенските излети превозот на учениците и наставниците го обезбеди општина Карпош со помош на превозникот Идеал Превоз.

| Ред.бр. | Училиште | Месец | Место | Број на лица |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ | октомври | Пеленица | 342 |
| 2 | ООУ„Владо Тасевски“ | октомври | Марков Манастир | 915 |
| 3 | ООУ„Братство“ | октомври | Сарај | 537 |
| 4 | ООУ„Аврам Писевски“ | октомври | Пеленица | 194 |
| 5 | ООУ„Димо Хаџи Димов“ | октомври | Кучково | 700 |
| 6 | ООУ„Војдан Чернодрински“ | октомври | Марков Манастир | 175 |
| 7 | ООУ„Петар Поп Арсов“ | октомври | Марков Манастир | 575 |
| 8 | ООУ„Вера Циривири Трена“ | октомври | Марков Манастир | 365 |
| 9 | ООУ„Лазо Трповски“ | октомври | Марков манастир | 384 |
| 10 | ООУ„Јан Амос Коменски“ | октомври | Пеленица | 535 |

Реализатор: Општина Карпош

3. **Доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2017/2018 година**

Програмата за дејноста образование за 2018 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), предвидува **доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош** на ученици од 8 и 9 одделение кои посебно се истакнуваат и постигнуваат резултати во областа на науката, техниката, културата и уметноста.

Огласот за доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за 2018/2019 година беше објавен во два дневни весници од 03.09 – 17.09.2018 година, на кој поднесоа барање 92 ученици од општиските основни училишта.

По разгледување на барањата комисијата согласно критериумите за доделување стипенди утврди 51 одобрени, од кои 20 (дваесет) од прва категорија и 31 (триесет и еден) од втора категорија.

Висината на стипендиите за учебната 2018/2019 година изнесува:

- 2 500, 00 денари месечно за прва категорија
- 2 000, 00 денари месечно за втора категорија

Добитници на стипендии од Прва категорија во износ од 2.500 денари месечно се:

1. Евгенија Несторовска
2. Ивана Димитрова
3. Милица Станковиќ
4. Ивона Зикова
5. Теодора Цветковска
6. Теодора Пандова
7. Теона Цветановски
8. Бернарда Малевска
9. Дариа Солева
10. Фани Поповски
11. Нина Петковска
12. Стефан Манасијевски
13. Чарна Ал – Нур Невзати
14. Марија Шукуловска
15. Оливера Наумовска
16. Софија Велковска
17. Ивана Минова
18. Андреј Канг
19. Филип Бојаџиевски
20. Лана Младеновиќ

Добитници на стипендии од Втораkатегорија во износ од 2.000 денари месечно се:

1. Јована Меловска
2. Филип Карамачоски
3. Моника Симоновска
4. Лука Стошевски
5. Ања Јолакоска
6. Анастасија Саша Тофоска
7. Матеј Милосиевски
8. Петар Муратовски
9. Вероника Илиоска
10. Блаже Каруловски
11. Стефанија Јовческа
12. Дариа Ефтимова

13. Ива Мандил
14. Исидора Тримоска
15. Леа Манева
16. Ева Ѓорѓевиќ
17. Дарко Трајанов
18. Стефан Цветановски
19. Ана Ковачка
20. Јана Бужаровска
21. Александра Христовска
22. Моника Нановска
23. Васил Наумовски
24. Стефан Сивевски
25. Миха Ѓоргон
26. Филип Сивевски
27. Ана Јорданова
28. Марија Јанчевска
29. Елена Андоновска
30. Илина Динева
31. Екатерина Ристевска

Иднината на Карпош се младите. Затоа тие завземаат централно место во сите планови, планирани манифестации и активности во општината.
Општината секогаш ќе ги поддржува младите во нивниот напредок и развој, и за таа цел воведе годишни стипендии со што уште повеќе ќе ги поттикнува да вложуваат за надградување на својот талент за подобра иднина.

**Реализатор : Општина Карпош**

4. **Летен одмор за ученици од семејства во потешка материјална состојба**

Во периодот од 24.08.2018 до 31.08.2018 година се реализираше летниот одмор за учениците од семејства во потешка материјална состојба.
Со овој проект беа опфатени 42 деца од семејства во потешка материјална состојба,ученици во општинските основни училишта.
Вкупно 52 лица,вклучувајќи 10 возрасни и 42 деца уживаа во убавините на Охридското Езеро. 2 од децата беа ученици со посебни потреби и тие беа со свои придружници.Сместувањето беше во Детското одморалиште „Славејче“,каде што имаше обезбедено пристојно сместување и храна(вкупно 3 оброка,доручек,ручек и вечера).Храната беше обилна и вкусна,со можност за репете,имаше дечиња кои имаа добар апетит и кога и да побараа повеќе храна никогаш не беа одбиени.Голема

пофалба за персоналот во одморалиштето,беа прекрасни луѓе,ведри и насмеани,срдечни и приемчиви,кои имаа слух за потребите на децата.
Особена чест и задоволство ми е да ги пофалам нашите ученици-летувалци.Тие се прекрасни дечиња кои по ништо не заостануваат зад своите врсници,скромни деца кои знаат да се радуваат на основното.
Направивме едно изненадување,роденденска забава на Јана Блажевска која наполни 14 години.Од средствата што беа на располагање од Општината,купивме роденденска торта и сокови за децата,а прибор за јадење и чашки како и свеќи имавме од управителот на одморалиштето.
Бидејки немаше ужинка а дечињата не беа во можност да си приуштат нешто повеќе на 3 наврати им купивме сладолед.На среќата и немаше крај.Некои од нив беа во мн. тешка материјална состојба некои беа малку во подобра состојба но во глобала сакавме никое да не гледа во другарчето како јаде,да не разликува од другите деца,па обезбедивме сладолед за сите.

На 28.08.2018 година за православниот празник Богородица дечињата ги однесовме во блискиот манастир Свети Стефан.Имаше дечиња од муслиманска вероисповед и тие го посетија манастирод без никакви предрасуди.
На 29.08.2018 изнајмивме автобус на Галеб Охрид и 3 часа поминавме во посета и разглед на градот.Организирано без никакви инциденти и примедби се искачивме до Плаошник,ја посетивме црквата Св.Климент Охридски,потоа се спуштивме до Канео и во централното градско подрачје – чаршијата.
Многу е важно и достојно за почит хуманата иницијатива на нашата Општина да им обезбеди 7 полни пансиони и превоз на учениците од општинските основни училишта кои се во потешка материјална состојба.Некои од нив за првпат доаѓаа во Охрид.
На завидно ниво беше пливањето,спортот и рекреацијата.Некои од дечињата научија да пливаат а не знаеја, а некои го усовршија пливањето.Наставничкиот тим 24 часа неуморно бдееше над дечињата.Кога временските услови не дозволуваа плажа децата играа одбојка,фудбал и кошарка.
Како резиме,учениците и наставниците имаа добра соработка и направија да запамтат еден незабораве одмор.Многу е убаво кога сите деца здрави и прави во ист број ќе се вратат среќни и презадовлони во своите домови.Кога децата се среќни,ние возрасните одговорни за нив сме двапати посреќни.
Нека продолжи оваа иницијатива,да се израдуваат и други дечиња од семејства во потешка материјална состојба.
Возрасни присутни на одморот :
1.Тања Милошева –Претставник од Општина Карпош
2.Елеонора Стрезовска – Директор во ООУ „Лазо Трповски“
3.Божидар Николовски – Наставник во ООУ „Братство“
4.Татјана Трпезановска – Наставник во ООУ „Братство“
5.Александра Чочевска – Наставник во ООУ „Вера Циривири Трена“

6.Митре Шепендиев – Наставник во ООУ „Лазо Трповски“
7.Ана Дионисиева – Наставник во ООУ „Аврам Писевски“
8.Слаѓана Милановска – Наставник во ООУ „Димо Хаџи Димов“
9.Сузана Стојановска – Придружба на Никола Стојановски
10.Ѓорѓи Димовски – Придружба на Петар Ангеловски

Реализатор: Општина Карпош

5. Награди за полуматуранти - првенци на генерација

Општина Карпош и оваа година ги награди најдобрите ученици – првенци на генерацијата од десетте основни училишта во Општина Карпош.
Градоначалникот на Општина Карпош на десетте најдобри полуматуранти кои училиштата ги избраа за првенци на генерацијата им додели парична награда од 10.000,00 денари и летување (од 14.08.2018 - 20.08.2018) во кампот „Скураз“, на полуостовот Халкидики, во Република Грција.
Целта на одлуката на Советот на Општина Карпош да им се доделат на учениците парични награди и признанија е да се мотивираат најдобрите ученици. На тој начин, Општината, како општествено одговорна институција, го стимулира напредокот кај учениците и ги мотивира за учество на натпревари, конкурси и изложби на државно и меѓународно ниво.
Десет најдобри полуматуранти – првенци на генерацијата во учебната 2017/2018 година се:

Првенци на генерација

1. Петар Бежовски од ООУ “Војдан Чернодрински“
2. Теона Антоноска од ООУ “ Димо Хаџи Димов’
3. Оливер Куновски од ООУ “Петар Поп Арсов“
4. Деспина Мојсова од ООУ “Братство“
5.Бојана Боцевска од ООУ “Јан Амос Коменски“
6.Ема Мишевска од ООУ “Вера Циривири Трена“
7.Климентина Чаповска од ООУ “Лазо Трповски“
8.Теона Младеновска од ООУ “Аврам Писевски“
9.Марко Доневски од ООУ “Христијан Тодоровски Карпош“
10.Леа Јаначковска од ООУ “Владо Тасевски“

Реализатор : Општина Карпош

6. **Прослава: 1 септември- Ден на првачињата „Добредојдовте првачиња“**

На 03.09.2018 година, во сите десет основни училишта на Општина Карпош започна новата учебна 2018/2019 година. Во училиштата на територија на општина Карпош се запишаа вкупно 670 првачиња. Сите првачиња беа пречекани од страна на наставниот кадар на училиштата и им беше посакано добредојде.

На приредбата во основното училиште“Јан Амос Коменски”, во населбата Тафталице присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, како и заменик министерот за образование и наука, Петар Атанасов.
Во останатите основни училишта беа присутни вработени од општинската администрација, каде што исто така беа организирани пригодни приредби за пречек на првачињата.
На секое прваче од страна на општина Карпош му беше доделен подарок ранче со училишен прибор, односно беа поделени вкупно 331 сет за момчиња и 339 сета за девојчиња.

Реализатор: Општина Карпош

7. **Хорски натпревар меѓу училиштата**

Хорскиот натпревар меѓу училиштата се одржа на 16 мај 2018 година во холот на ООУ„Димо Хаџи Димов“ со почеток во 11 часот. На натпреварот земаа учество хоровите од девет основни училишта од општина Карпош, под менторство на нивните наставници- музички педагози, и тоа:

1. ООУ„Којдан Чернодрински“ со „Пеперуга“ од Ј.С.Бах под менторство на Марио Лазаров
2. ООУ„Јан Амос Коменски“ со „Јовано, Јованке“ под менторство на Марија Златановска
3. ООУ„Аврам Писевски“ со „Борбен марш“ под менторство на Слаѓана Чекичевска
4. ООУ„Петар Поп Арсов“ со „Две лири“-Каролина Гочева под менторство на Дејан Миленковски
5. ООУ„Вера Циривири Трена“ со „House of the rising sun“ под менторство на Александар Панајотов
6. ООУ„Владо Тасевски“ со „Рум,дум,дум“ од Д.Шуплевски под менторство на Елизабета Станоевска
7. ООУ„Димо Хаџи Димов“ со „Vois surton cherin“ под менторство на Невена Маркоска

8. ООУ„Лазо Трповски“ со „Ој девојче, девојче“ под менторство на Мира Костовска
9. ООУ„Братство“ со „Bittersweet symphony“ под менторство на Александар Панајотов

Изведбите на хоровите ги следеше трочлено жири, во состав на м-р Злата Тошевска, од Македонска опера и балет, м-р Дејан Стоев, исто така од Македонска опера и балет, како и професорот Ле Фи Фи, од средното музичко училиште „Илија Николовски-Луј“, кое на крајот ги избра најдобрите изведувачи, за кои беа предвидени парични награди.
Првото место го освои Елизабета Станоевска, ментор на хорот од ООУ„Владо Тасевски“, на која и беше доделена парична награда од 12.000 денари.
Второто место го поделија Дејан Миленковски од ООУ„Петар Поп Арсов“ и Невена Маркоска од „Димо Хаџи Димов“, на кои им беше доделена парична награда од по 4.500 денари.
И третата награда ја поделија тројца ментори, Александар Панајотов од ООУ„Вера Циривири Трена“, Мира Костовска од ООУ„Лазо Трповски“ и Марија Златановска од ООУ„Јан Амос Коменски“, на кои им беше доделена парична награда од по 2.000 денари.
Наградите на менторите и благодарниците на учениците-хористи им ги додели претседателот на Советот на Општина Карпош, Андреј Манолев.

**Реализатор: Општина Карпош**

8. **Поддршка на проекти од областа на образованието**

1.„Финансиска поддршка на проекти, едукации, доедукации, усовршувања и учества на натпревари и други активности од областа на образованието за ученици и граѓани, **до 30.000,00 денари**. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формираше Комисија за еднократна помош. Комисијата еднократна парична помош им додели на:

1. Иван Јовановски, ученик во ООУ„ П.П.Арсов“ за учество на натпревар по физика во Москва. Одобрени 20.000,00 денари
2. Алаксандра Блажевска, наставник во ООУ„ Ј. А. Коменски“, за учество на конференција во Брисел. Одобрени 12.000,00 денари
3. Анастасија Тортевска ученичка во средното училиште во Јахија Кемал за учество на натпревар на Euroinvent 2018 во Романија. Одобрени 12.000,00 денари.
4. Свет на различни а еднакви - парична помош за Меѓународен драмски фестивал „ Игри без маска, театар без дискриминација“. Одобрени 30.000,00 денари

5. Милош Кировски ученик во ООУ„ П.П.Арсов“, парична помош за купување инструмент- хармоника. Одобрени 30.000,00 денари.

2.Финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за чија реализација е потребен износ **над 30.000,00** денари, општината распиша Јавен оглас, по предходно добиена согласност од Советот на Општина Карпош. Право на аплицирање имаа физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области. Огласот временски не беше ограничен и важеше до исцрпување на финансиските средства, со услов проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2019 година.
Реализирани проекти во 2018 година:

1. **„10 за Карпош“** - реализатор: Фабрика продукција. Финансиска поддршка од 413.000,00 денари.
2. **Детска ликовна колонија „ Св. Пантелејмон“**- реализатор: Детски ликовен центар. Финансиска поддршка од 230.000,00 денари.

**Реализатор: Општина Карпош**

**9. Прослава на денот на Општината**
**Забавно детско шоу - Карпош има талент**

„Карпош има талент“ е проект наменет за учениците од сите десет основни училишта во Карпош и има за цел да ги афирмира, презентира и награди талентите на младите учесници кои годинава учествуваа со огромна позитивна енергија, шаренило од уметнички претставувања, и приредија вистинско спектакуларно шоу за паметење.
Оваа манифестација се одржа по седми пат, во кинотеката Другарче“, на 02 ноември 2018 година, како дел од одбележување на 42 роденден на Општината.
Жири комисијата во состав:

- Филип Николовски- музички продуцент
- Доц. Д-р Бојан Лазаров од Факултетот за драмски уметности
- Тони Диндев - музички педагог

ги следеше настапите на сите кандидати и имаше тешка задача да ги прогласи победниците.
Првото место, сосема заслужено го освоија ученичките од ООУ „Вера Циривири Трена“, Ана Петковска, Лина Лозаноска и Ања Симоноска со професионалната хип-хоп изведба на микс од светски хитови.
Втората награда, со овации ја понесе четвртоодееленката од ООУ „Лазо Трповски“, Гала Пановска со стенд ап настапот - „Мојот живот“ на текст и под менторство на педагогот Рената Поповска.

Третата награда им припадна на Луна Танев и Мирјана Штерјовски од ООУ „Петар Поп Арсов“ за музичката изведба „Не сум твој тип“ од групата Duper. Оваа година талентите од Карпош добија навистина вредни награди и тоа 15.000 денари за освоено прво место, 10.000 за второ и 5.000 денари за третопласираните.

Реализатор: Општина Карпош

**10. Превоз на образовни и лични асистенти од проектот „Карпош за еднаквите во училиштата“**

Општина Карпош учествува во програмата Општинско-корисна работа за 2017 година, преку Проектот „Карпош за еднаквите во училиштата“, финансиран од УНДП.
Проектот трае од 01.10.2017 до 31.05.2018 година.
Во овој проект ангажирани се 17 образовни и лични асистенти, кои се вклучени во образовниот процес , како помош на децата со попречености во развојот за совладување на наставните програми. На 15 од нив им беше одобрено користење на превоз, согласно поднесените барања од нивна страна и приложениот документ за лична идентификација, како потврда за местото на живеење.
Општина Карпош ги исплаќа овие средства, како финансиско олеснување на образовните и личните асистенти, за поефикасно и навремено извршување на нивните работни задачи , за крајните корисници, во овој случај децата со попречености во развојот од основноте општински училишта на територијата на Општина Карпош полесно да се вклучат во воспитно-образовниот процес .
Општина Карпош, согласно Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година, го исплаќа и надоместот за месец мај за 17 те ангажирани асистенти, во износ од 106.000,00 денари, со вклучен персонален данок.
Проектот „Карпош за еднаквите во училиштата“ продолжува и во учебната 2018/2019 година. Вклучени се вкупно 38 образовни и лични асистенти, од кои за 25 асистенти финансискиот надомест е подмирен од УНДП, а за 13 асистенти од општина Карпош. За секој асистент се издвојува по 9.000, 00 денари месечно.
Проектот е во тек, а завршува со крајот на учебната година, односно на 10 јуни 2019 година.

Реализатор: Општина Карпош

СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС
**Одделение за образование**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2018 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2018 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/23<br>
Датум: 31.01.2019 година<br>
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за поддршка на Градоначалник, Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/24
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

ИЗВЕШТАЈ

**за реализација на програмата за активностите на општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓаните и материјални добра од 01.01.2018 - 31.12.2018година**

Одделението за заштита и спасување во текот на 2018 година по Програмата за работа имаше предвидено и ги реализираше следните активности и тоа:

1. Редовен сервис на противпожарни апарати и тоа во:
-објектот на Општина Карпош сервисирани се 27 (дваесетиседум) противпожарни апарати,
-урбаните-месните заедници сервисирани се 29 (дваесетидевет) противпожарен апарат,
-надвозникот Влајко сервисирани се 8 (осум) противпожарни апарати,
-десет основни училишта сервисирани се 141 (стоичетириесетиеден) противпожарни апарати и
-четири детски градинки со 7 (седум) клонови сервисирани се 103 (стоитри) противпожарни апарати.

**-Позитивна страна**

-перманентно одржување на апаратите за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар.

**-Заклучок**

-со редовно одржување на опремата за противпожарна заштита се зголемува квалитетот за безбедноста на децата и вработените.

**-Финансиски средства**

-за реализација на сервисот и одржувањето според програмата беа предвидени 250 000, 00 денари, за сервис и набавка на нови ПП апарати потрошени се 220.000 денари, и останаа неискористени 30.000денари .

-Редовен сервис на хидрантската мрежа и тоа во:
-десет основни училишта беа сервисирани 70 (седумдесет) хидранти и
-четири детски градинки со 7 (седум) клонови беа сервисирани 58 (педесетиосум) хидранти.

**-Позитивна страна**

-перманентно одржување хидрантската мрежа за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар.

**-Заклучок**

-со редовно одржување на опремата се зголемува квалитетот за безбедноста на децата и вработените.

**-Финансиски средства**

-за реализација на сервисот и одржувањето според програмата беа предвидени 100 000, 00 денари, потрошени средства се 45.000 денари, а неискористени останаа 55.000 денари

2. Според програмата на Одделението за заштита и спасување за 2018 година се изврши редовна дератизација во месец март и април во Општината, урбаните и месните заедници, во основните училишта и детските градинки, во која беа опфатени:

- во урбаните и месните заедници беа опфатени околу 5000(петилјади) шахти;

-10 (десет) Основни училишта на подрачјето на Општина Карпош со 280 (двестаиосумдесет) дератизирани места,

-4 (четири) Детски градинки и 7 (седеум) клонови со 250 (двестаипедесет) дератизирани места и

За дератизација беа употребени околу 15 000 (петнаесетилјади) мамци.

**-Позитивна страна**

-ефикасно уништување на штетни глодари и предизвикувачи на заразни болести.

-превенција од епидемија од жолтица.

**-Заклучок**

-со успешната реализација се подобрува квалитетот на здравјето и безбедноста на граѓаните и човековата околина.

**-Финансиски средства**

-за реализација на дератизацијата според програмата беа предвидени 750. 000, 00 денари, за есенската дератизација се потрошени 222.000,00 денари од кои неискористени останаа 528.000,00. За пролетната дератизација искористени се околу 233.000,00 денари и неискористени средства околу 295.000, 00 денари.

3. Одржувањето на громобранско и заштитно заземјување и испитување и одржување на отпор на распростирање на заштитно заземјување на утичници е во тек и се врши во сите основни училишта и детски градинки.

-на објектите во 10 (десет) основните училишта треба да се опфатат околу 180 (стоосумдесет) громобрански места и околу 5400 (петилјадиичетрсто) утичници и

- во детските градинки и 7 (седум) клонови треба да се опфатат околу 255 (двестапедесетипет) громобрански места и околу 5500 (петилјадиипетсто) утичници.

-Позитивна страна
-оваа активност се превзема со цел заштита и безбедност на децата и вработените, доколку истата не се спроведува ќе дојде до несакани последици по животот и здравјето на луѓето.
-Заклучок
-со редовното испитување и мерење на системите се откриваат недостатоците и навремено се отстрануваат и доведуваат во исправна состојба.

-Финансиски средства
-за реализација на испитувањето според програмата се предвидени 900 000, 00 денари.

4. Со одлука на Советот на Општина Карпош, на предлог на Градоначалникот на Општина Карпош се формира Штаб з а заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош, со цел спроведување на подготовките и превземање мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од воени разурнувања, од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи, како и одстранување на последиците од нив.

5. . Редовен обука и вежбовни активности за затворени и отворени води за припадниците на Просторната единица за заштита и спасување на Општина Карпош во Центарот за обука на Црвен крст-Струга:
-обуката ја посетија и успешно завршија 12 учесници.
-Позитивна страна
-стекнување со вештини за спасување на отворени води,стекнување на знаење во давање на прва медицинкска помош, стекнување на знаеење и вештини за делување во случај на природни катастрофи за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар.
-Заклучок
-со редовно увежбување се зголемува квалитетот и подготвеноста на единицата..
-Финансиски средства
-за реализација на обуката и вежбовните активности со програмата беа предвидени 200 000, 00 денари, и беа искористени сите средства.

6. Според програмата на Одделението за заштита и спасување за 2018 година се изврши и редовна есенска дератизација во месец октомври и ноември во Општината, урбанитеи месните заедниц, во основните училиштаи детските градинки, во која беа опфатени:

- во урбаните и месните заедници беа опфатени околу 5700(петилјади) шахти;

-10 (десет) Основни училишта на подрачјето на Општина Карпош со 280 (двестаиосумдесет) дератизирани места,

-4 (четири) Детски градинки и 7 (седеум) клонови со 250 (двестаипедесет) дератизирани места и

За дератизација беа употребени околу 17100 (седумнаесетилјада и сто) мамци.

-Позитивна страна

-ефикасно уништување на штетни глодари и предизвикувачи на заразни болести.

-превенција од епидемија од жолтица.

-Заклучок

-со успешната реализација се подобрил квалитетот на здравјето и безбедноста на граѓаните и човековата околина.

-Финансиски средства

-за реализација на дератизацијата според програмата беа предвидени 750 000, 00 денари, искористени беа околу 380 000, 00 денари и неискористени средства околу 370000, 00 денари кои ќе се искористат за пролетната дератизација.

7. Со одлука на Советот на Општина Карпош, на предлог на Градоначалникот на Општина Карпош се донесе Правилник за заштита од пожари и експлозии, Процена на загрозеност на Општина Карпош и План за Заштита и Спасување од природни непогоди и други несреќи.

Одделението за заштита и спасување одржа координативни состаноци со Дирекцијата за заштита и спасување , Центарот за управување со кризи и други субјекти ( јавни претпријатија, ТППЕ, МВР, МО и др) кои треба да се вклучат во системот за заштита и спасување .

8. Одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата-котли за парно греење во објектите на основните училишта и детските градинки во надлежност на општината.

-Позитивна страна

-Безбедност на вработените, учениците децата во детските градинки од аспект на заштита од пожари

Постојано одржување оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено грееење, огништата-котли за парно греење заради заштита од појава на пожар.

-Заклучок

-со успешната реализација се подобрил квалитетот на здравјето и безбедноста на граѓаните и човековата околина.

**-Финансиски средства**

-за реализација на Одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено грееење, огништата-котли за парно греење според програмата беа предвидени 200 000, 00 денари, искористени беа околу 195 000, 00 денари и неискористени средства околу 5000, 00 денари.

**Од предвидени 2.650.000..искористени се 2.195.000 денари**

Одделение за заштита и спасување на граѓани
и материјални добра

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2018 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2018 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
Датум: 31.01.2019 година НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за поддршка на Градоначалник, Одделение за информатичко комуникациска инфраструктура.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/25
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

# ИЗВЕШТАЈ
## за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2018 година

## Вовед

Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за геоинформациски систем (ГИС) кои се во рамките на Секторот за поддршка на Градоначалникот, со своите активности има за цел преку инсталација на одредени софтверски модули да придонесе доближување поблиску до граѓаните, како и да ја овозможи и олесни автоматската обработка на податоци на вработените во општината.

Информатичкиот свет е во постојан подем и претставува сервис на општеството без кој едноставно не можеме да функционираме.

Општина Карпош е во тек со развојот на информатичката технологија и од година во година се развива сè повеќе користејќи ги алатките на информатичката технологија. Општина Карпош е на самиот врв на ИТ-технологијата во локалната самоуправа, следејќи ги најновите трендови во ИТ-технологијата.

## Реализирани активности

Во согласност со донесената Програма за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2018 година, Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за геоинформациски систем (ГИС) ги реализираше следните проектни активности:

1. Годишно одржување на хардверските компоненти во ИТ-системот.

   Поради постојаното ажурирање на постоечкиот хардвер, тековно се вршат и набавки на компјутерски делови кои служат како замена и делови за надоградба и унапредување на функционалноста на компјутерските уреди и периферните уреди со кои се поврзани. Преку Секторот за јавни набавки во регуларна тендерска постапка, во првиот квартал, Општина Карпош склучи договор за јавна набавка на резервни делови за хардвер за потребите на Општина Карпош со економски најповолниот понудувач во вредност од 500.000,00 денари.

   Според потребите на Општина Карпош се потрошени финансиски средства во износ од 222.483,00 денари.

2. Набавка на хардвер и хардверски компоненти во ИТ-системот на Општина Карпош.

За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка на хардвер (лаптоп компјутери) и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 537.180,00 денари, со што предвидените финансиски средства се исцрпени во целост.

Вкупната предвидена финансиска рамка за Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2018 година изнесува 2.010.000,00 денари. Според реализираните проектни активности се потрошени финансиски средства во износ од 759.663,00 денари предвидени со Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Одделение за ГИС**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во општината за 2018 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во општината за 2018 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
Датум: 31.01.2019 година НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во општината за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во општината за 2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за развој.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/26
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

**Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на месната самоуправа за 2018 година**
**Од 01.01.-31.12.2018.година**

Поддршка и помош во организацијата на повеќе манифестации кои се реализирани во урбаните односно месните заедници во горе споменатиот период :

1. Прослава на верскиот празник Бадник

- Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Бадник на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници,
- Реализирани 80.000,00 денари

2. Прослава на верскиот празник Водици

- Финансиска и логистичка поддршка на прославита за верскиот празник Водици на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници;
- Реализирани 20,000,00 денари

3. Прослава на верскиот празник Св. Атанасиј

- Финансиска и логистичка поддршка на прославите за верскиот празник Св.Атанасиј во урбаните заедници Влае 1, Пецо Божиновски – Кочо и Злокуќани
- Реализирани Влае 1” 40.00,00 денари, Пецо Божиновски – Кочо 20.000,00 денари и Злокуќани 20.000,00 денари

- Вкупно 80.000,00денари

4. Прослава на верскиот празник Велигден

- Финансиска и логистичка поддршка на прославита за верскиот празник Велигден на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници;

- Од предвидените 100.000,00 денари , реализирани се 20,000,00 денари

5. Прослава на верскиот празник Ѓурѓовден

  - Манифестацијата „Ѓурѓовден “ се одржува традиционално по осми пат по повод најголемиот ромски празник Ѓурѓовден.

  - Финансиска и логистичкаа поддршка за Ѓурѓовден изнесува вкупно 120.000,00 денари и е реализирана во 119.790,00

6. Прослава на верскиот празник Св.Тројца

  - Финансиска и логистичкаа поддршка за Св.Тројца одржан на 05.06.2018 во месната заедница Бардовци е реализирана и изнесува вкупно 20.000,00 денари.

7. Прослава на верскиот празник Ифтар

  - Финансиска и логистичкаа поддршка е предвидена 100 000 денари за Ифтар одржан на 20.06.2018 во урбаната заедница Нерези, а е реализиран од Општина Карпош

8. Прослава на верскиот празник Св Илија

  - Финансиска и логистичкаа поддршка за Св.Илија одржан на 02.08.2018 во Урбана заедница Нерези е реализирана и изнесува вкупно 20.000,00 денари.

9. Прослава на верскиот празник Св Пантелејмон

  - Финансиска и логистичкаа поддршка за Св.Пантејлемон одржан на 09.08.2018 во Урбана заедница Нерези е реализирана и изнесува вкупно 20.000,00 денари.

10. На ден 13.06.2018 извршено е изменување и надополнување на програмата за 2018 година, односно со измената е предвидена

финансиска поддршка за изведување на градежни работи на објект-летниковец во кругот на храмот Св.Пантелејмон – Нерези

- Финансиски предвидената конструкција од 100 000 денари не е реализирана.

Од вкупно предвидените 660,000 денари за годишната програма на Одделението за месна самоуправа за горе наведениот период искористени се 479.790,00 денари.

Нереализирани останувааt 180.210,00 денари

Одделение за месна самоуправа

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите за 2018 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите за 2018 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 јануари 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-852/26
Датум: 31.01.2019 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 30 јануари 2019 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита на еднакви можности меѓу жените и мажите за 2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Координаторот за еднакви можности меѓу жените и мажите на општина Карпош.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-573/27
Датум:30.01.2019 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

# ИЗВЕШТАЈ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ И КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

Пред започнување на реализацијата на програмата за еднакви можности на мажите и жените донесена во Декември 2017 година од страна на Советот на Општина Карпош , простапивме на низа обуки кои се организирани од страна на Министерството за Труд и социјала – Сектор за еднакви можности, ЗЕЛС, Македонско женско лоби. Во изминатиот период посетени се следните обуки:

## 1. ОБУКА ЗА РОДОВО ОДГОВОРНИ ПОЛИТИКИ И БУЏЕТ

Во рамките на проектот “ Развивање на фискалните капацитетите во насока на подготовка на родово одговорни политики и буџет на локално ниво“,од страна на ЗЕЛС се организираше еднодневна обука за родово одговорни политики и буџет, **на 11 мај, во ЗЕЛС Тренинг Центарот.**
На оваа обука свое присуство имаа заменик координаторот за родова еднаквост од општина Карпош Маја Филипчева и Претседателот на Комисијата за еднакви можности Билјана Костова.
На обуката беа презентирани програмите за **Родово одговорни политики и тоа :**

1. Национални политики за родова рамноправност
2. Влезни точки за вклучување на родовите аспекти во локалните политики
3. Кои прашања треба да ги поставиме како советници кога носиме одлуки за да воведеме родова перспектива во локалните политики и буџети?
4. Што е родово одговорно буџетирање, зошто е особено значајно?
5. Што може да постигнеме со родово одговорно буџетирање?
6. Воведување на родова перспектива во буџетскиот циклус
7. Што е родова статистика?
8. Што се родови индикатори?

## *2.* ЗАСТАПУВАЊЕ НА РОДОВО ИНКЛУЗИВНИ ЛОКАЛНИ БУЏЕТИ

На оваа презентација беше споделена публикацијата *„Третманот на родот во општинските програми и буџети-Сумарен извештај од следење во општините Струмица, Кавадарци, Радовиш, Центар и Карпош“* подготвена од Здружението за

унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје во рамки на проектот. На презентацијата свое присуство земаа координаторот за еднакви можности Евантија Стојановска и Претседателот на Комисијата за еднакви можности Биљана Костова како и дел од советниците на општина Карпош.

Во оваа публикација се поместени збирните наоди од мониторинг на процесот на програмирање и буџетирање за 2018 во општините Струмица, Кавадарци, Радовиш, Центар и Карпош. Мониторингот е спроведен од страна на Организација на Жени-Струмица; ОЖ Визија-Кавадарци; АУСЖМ „Женска Акција“-Радовиш и Здружението за унапредување на правата на еднородителските семејства „Една Може“-Скопје, преку учество во стандардизиран модел на зајакнување на организациите спроведен од Акција Здруженска, кој подразбира активен ангажман во идентификација, следење и застапување на приоритетните потреби на жените од локалната заедница кај локалните власти.

Проектот е поддржан од Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од Македонија и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU) од Шведска. Општата цел на проектот е да го унапреди третманот на родовите прашања во буџетското планирање на локално ниво преку зајакнување на капацитетите и поддршка на локалните женски невладини организации за следење и застапување на родовата еднаквост во буџетските процеси.

## 3. СТРАТЕГИЈА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

На оваа информативна средба воведно излагање имаше Јована Тренчевска од Министерство за Труд и социјална политика на тема : Воведување на родово одговорно буџетирање во РМ, постигнувања и предизвици, и Искуства на институциите вклучени во процесот на родово одговорно буџетирање на централно ниво и претставници од :

- Министерство за здравство
- Агенција за поддршка на претриемништвото во Република Македонија
- добри практики на родово одговорно буџетирање на локално ниво – видео презентација

Искуства на институциите вклучени во процесот на родово одговорно буџетирање на локално ниво

- ЗЕЛС – поддршка на општините во институционализација на РОБ
- Општина Струмица – родово одговорно буџетирање во секторските политики
- Ѓорче Петров – локална стратегија за родова еднаквост

Родова перспектива во Програмското буџетирање
- Министерство за финасии

4. УЧЕСТВО НА СОСТАНОК ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И РОБ (родово општинско буџетирање) НА ЛОКАЛНО НИВО

Во рамките на проектот “ Зајакнување на капацитетите за родово одговорни политики и буџетирање на локално ниво“, што Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија-ЗЕЛС го имплементира со канцеларијата на UN Women во Скопје е планирано зајакнување на соработката на координатори за еднакви можности, претставници од одделенијата за финаннси во општините со претставници од централните институции во делот на Родово одговорно буџетирање.
Работната група за родова еднаквост на ЗЕЛС, претставници од мрежата на финансиски работници при ЗЕЛС и претставниците од ресорните министерства, на состанокот ги разгледаа политиките и алатките кои ги користат единиците на локалната самоуправа во делот на родовото одговорно буџетирање, засилување на соработката и координацијата со централните институции во делот каде е потребна заедничка активност, како и разгледување на предизвиците на сите релевантни чинители во процесот на родовото одговорно буџетирање и дефинирање на следни чекори за нивно надминување.

5. РАБОТНА СРЕДБА НА РАБОТНА ГРУПА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА СО ДРУГИТЕ КООРДИНАТОРИ ЗА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ НА ЗЕЛС 2018 – 2030

Покрај финансиските чинители во локалната самоуправа за родово општинско буџетирање од страна на ЗЕЛС следи на 07.06.2018 година работна средба за родова еднаквост и размена на искуства со другите координатори за стратегијата за родова еднаквост на ЗЕЛС 2018 – 2030 година.
Во агендата е предвидено претставување на Стратегијата за родова еднаковост пред координаторите, размена на искуства и дефинирање на следни чекори.

## 6. РОДОВИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ КАКО МОТИВ ЗА ГРАЃАНИТЕ ДА БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ

Во организација на Македонско женско лоби се оддржа работилница на која присуствуваа претставници на граѓанските организации, урбаните заедници, претставници на комисијата на еднакви можности, претставници од локалната самоуправа и други заинтересирани граѓани. На работилницата се дискутираше за обврските на општината кон граѓаните и родовите политики.
Се работеше во работни групи и се дискутираше во однос на активности што би требало да се најдат во акцискиот план. На крај представникот на Македонско женско лоби ги презентираше заклучоците од работилницата.
Се пополнија табели со предлози за нов акциски план од страна на сите учесници на работилницата од што произлезе следново:

**Идентификување на проблемите кои ги мачат граѓаните и како се решаваат од страна на**
**државата, а како од страна на општината**

Постојат повеќе начини како гранганите се обраќаат за помош до општината Карпош и тоа преку:

- лично присуство во урбаната заедници и телефонско јавување во општината и институциите во

општината и преку емаил (се користи можноста од акцијата ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ).

- Општината е прв чекор во решавањето на проблемите на луѓето, но со ограничени ингеренции. Во рамките на своите ингеренции директно се решаваат проблемите од кумунална, социјална и урбана природа согласно потребата.

- Досега општината по свој интерни процедури има податоци за помош поделена на пол т.е. колку од граѓаните жени и мажи во проценти добиле помош.

- Со интенција да се чујат граѓаните и да се добијат родови поделени податоци, ке се прават напори службениците во контакт со граганите да пополнат дополнителен формулар кој ќе и даде на комисијата алатка во дефинирање на прашањата и проблемите кои ќе се најдат во следните акциски планови.

- Првично ќе се подели родовата сегрегација на социјалната помош дадена во пакети и храна како идруг вид, а потоа ќе се собираат и останати прашања.

Индикатор на изведба

| Стратешки цели | индикатор | основа | Вредности кои треба да се исполнат 2018 | Вредности кои треба да се исполнат 2019 | Финансиски средства за исполнување | Носител на активноста |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Заедно против насилството на женмте | | и нивносто здравје | | | | |
| Пронаоѓе на податоци за сопојбите со семејно насилство | Еднаш или два пати годишно се повикуваат центрите за социјалната работа и полицијата да репортираат по однос на семејното насилпво во општината | Комисија за еднакви можности и советници | 2 средби годишно минмум | Да поднесат извештај полицијата, месините и урбаните за постоење на семејно насилпво во општина Карпош. | | |
| Јакнење на свесноста за семејното насилство | | 3 средби /семинари во година по 20 луѓе | 60 директни учесници 120 индиректни минимум. | Да се дуплира бројот на 240 минимум учесници | 62.000,00 | |
| Помош на жртвите од семејното насилпво | Согласно Национаналните стратегии за истанбулската Конвенција учество во национална кампања | | | Да се усогласи во нов акциски план | | |

Индикатор на изведба

| Стратешки цели | индикато р | основа | Вредности кои треба да се исполнат 2018 | Воедности кои треба ,4а се исполнат 2019 | Финансиски средства за иг.полнување | Носител на актиеноста |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Женските права се човекови права** | | | | | | |
| Промовирање на родовите односи и е,п.накво учество на ллажите и жените 80 сите области на јавниот живот. | Организирање на кампања со печатење на баошури | 500 брошур и А4 формат, и пишан текст пресликана брошура во Карпош ИН | 5000 примероци од весникот | Да се анализира успехот на кампањата .како основа за следните вредности. И да се пресмта индиректниот инпакт. | 90.000,00 | |
| ;Размена на искуства за еднаќви мпожности во реґионот и Европа | | | | | | |
| Организирани посети на опшитини од Р.М | Наімалку 2 општини и размена на мислење меѓу комисиите за еднакив | 20 учесници директни | Официјални заклvчоци и препораки | План за соработка со комиси сличии на општина | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | можности | | | та Карпош | | |
| Посети на семинари и промовирање на комисијата во пегианот и сеетот | Зависно од поканите ќе се одреди приоритетот « учеснииите на истите | | Размена на искуства и знаење, развивање на соработка | | 150 000,00 | |

7. ОБУКА ЗА ЗНАЧЕЊЕТО И ПРИМЕНАТА НА ИНСТАМБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА, ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНСТАМБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА, ЦЕЛИТЕ И ПРОМЕНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ИНСТАМБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

На 13-14 октомври 2018 година во Велес, хотел Романтик од страна на Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, беше одржана обука на која претставник од Општина Карпош беше Емилија Ризеска, советник и член во комисијата за еднакви мошности на жените и мажите. Од оваа обука дојдовме до заклучок дека е потребно да се запознаат пред се институциите со значењето на истата, односно да се обучи кадарот што е семејно насилство и како да се препознае, да се направат средби со градоначалниците, трибини со граѓаните и исто така, да се направи скратена брошура во која ќе се претставaт целите на Инстамбулската Конвенција. Координаторите на КЕМ да направат агенда за активности како трибини, средби со граѓани, флаери и слично.

8. ИЗВЕШТАЈ ОД ФОРУМОТ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФОНДАЦИЈАТА ФРИДРИХ ЕБЕРТ

